РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
"ДИМИТАР МИРАСЧИЕВ" ц.о
Бр. 01-622/1
10.11.2025 год.
ШТИП

# Извештај од
# самоевалуација на
# СОУ „Димитар Мирасчиев„ – Штип
# 2023-2025

Септември,

2025 година

| | |
|---|---|
| Извештај од самоевалуација на работата на училиштето за период од 2023 – 2025 година | |
| Училиште | СОУ „Димитар Мирасчиев"- Штип |
| Основано од | МОН |
| Јазик на кој се спроведува наставата | Македонски јазик |
| Година на изградба | 31.07.1961 |
| Градба | тврда |
| Адреса | улица Вита Поп Јорданова број 2 |
| Телефон | 032/390-591 |
| Е-маил | dmirasciev@yahoo.com |
| Веб адреса | http://dmirasciev.edu.mk/ |
| Број на смени во кои работи училиштето | 2 |
| Број на паралелки | 8 |
| Образовни профили кои се изучуваат во училиштето | Техничар за дизајн на облека, Техничар за моделирање на облека, Техничар за изработка на облека со зголемен број на часови по практична настава |
| Период на подготовка на самоевалуацијата | август, септември |
| Број на ученици | 91 |
| Директор | Марина Варадиновска |
| Потпис | |
| Датум | 10.11.2025 |
| Одобрување од УО | 10.11.2025 |
| Претседател (име и презиме) | Филип Николовски |

СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ

„ДИМИТАР МИРАСЧИЕВ„

ШТИП

Ул. „Вита Поп-Јорданова“ бр. 2 Штип тел. 032/390-591 ДБ 4029961113906

ж.с. 774010697178710

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
Димитар Мирасчиев ц.о.
Бр.02-622/3
10.11. 2025 год.
ШТИП

Согласно одредбите од член 107 од Статутот на СОУ „Димитар Мирасчиев“ од Штип, Училишниот одбор на седницата одржана на ден 10.11.2025 година, донесе:

# Одлука

За усвојување на Извештајот од спроведена самоевалуација на училиштето на СОУ „Димитар Мирасчиев“ за период од 2023-2025 година.
Одлуката стапува на сила од денот на донесување.

Доставено до:
-Архива,
-Училишен одбор,
-Директор,
-Државен испитен центар.

---

Претседател на УО

---

Филип Николовски

# СОДРЖИНА:


Вовед 5-6

Извори користени при самоевалуацијата 6-7

Комисија за спроведување на самоевалуацијата 8

**1. Подрачје 1**: Наставни планови и програми 9

1.1 Реализација на наставните планови и програми 10-12

1.2 Квалитет на наставните планови и програми 12-13

1.3 Воннаставни активности 13-19

**2. Подрачје 2**: Постигање на учениците 19

2.1 Постигање на учениците 20-22

2.2 Задржување/опсипување на учениците 22

2.3 Повторување на учениците 23-32

**3. Подрачје 3**: Учење и настава 32

3.1 Планирање на наставниците 32-36

3.2 Наставен процес 36-41

3.3 Искуства на учениците од учењето 41-44

3.4 Задоволување на потребите на учениците 44-45

3.5 Оценувањето како дел од наставата 46-47

3.6 Известување за напредокот на учениците 47-54

**4. Подрачје 4:** Подршка на учениците 54

4.1 Севкупна грижа за учениците 54-58

4.2 Здравје 58-60

4.3 Соодветна помош за понатамошно образование на учениците 60-61

4.4 Следење на напредокот 61-62

**5. Подречје 5:** Училишна клима 62

5.1 Училишна клима и односи во училиштето 63-64

5.2 Промовирање на постигањата 64-71

5.3 Еднаквост и правичност 72

5.4 Партнерски односи со родителите, со локалната и деловната заедница 72

**6. Подрачје 6:** Ресурси 73

6.1 Сместување и просторни капацитети 73-74

6.2 Наставни средства и материјали 74-75

6.3 Обезбедување на потребниот наставниот кадар 75-76

6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар 76-84

6.5 Финансиско работење на училиштето 84-87

**7. Подрачје 7:** Управување, раководење и креирање политика 87

7.1 Управување и раководење со училиштето 88-96

7.2 Цели и креирање на училишната политика 96-139

7.3 Развојно планирање 139-141

**8. Прилози**

8.1 Интервју со директорот на училиштето 142-143

8.2 Интервју со психологот на училиштето 144-145

**Вовед во самоевалуацијата на училиштето**

Самоевалуацијата претставува континуиран процес на следење и проценка на квалитетот на работата на училиштето. Извештајот од самоевалуација на работата на училиштето не треба да се разбере како критика на работата на училиштето, туку како процес преку кој се утврдуваат недостатоците било да се објективни или субјективни.

Самоевалуацијата претставува збирка на објективно утврдени податоци, собрани од различни извори и донесени на основа на однапред договорени показатели-индикатори на квалитет на работата на училиштето.

Самоевалуацијата како инструмент има за цел :

- Структуирање на внатрешен училишен систем за следење, оценување и унапредување на работата;

- Ефективно и ефикасно работење на директорот, психологот и стручните служби со училиштето;

- Вклучување во развојниот процес на училиштето на сите субјекти: директор, наставници, родители, локалната и бизнис заедницата во воспитно - образовниот процес;

- Обезбедување поголема самостојност, одговорност и иновативност во училиштето;

- Преземање мерки за поефикасно и поквалитетно учење, а со тоа и постигање на поголеми резултати;

- Детектирање на слабите страни и проблемите со кои се соочува училиштето и нивно надминување;

- Зголемување на надворешното влијание врз училиштето и сите субјекти вклучени во неговата работа, севкупната образовна политика преку јасна артикулација од потребата за развој на училиштето;

-Дефинирање и следење на мерливи индикатори и критериуми за вреднување на квалитетот на воспитно образовниот процес во училиштето.

Основна идеја на самоевалуацијата е да се направи евалуација во работата на сите субјекти во воспитно - образовниот процес преку одговор на следниве прашања:

- Што и како работиме?

- Како ја следиме својата работа?

- Како знаеме дека сме успеале?

-Што можеме да направиме да бидеме уште подобри?

Процесот на самоевалуација е комплексен, тој е составен од повеќе фази и активности со примена на различни методи и техники со цел да се создадат единствени критериуми.

- Акционен план за самоевалуацијата

- Одредување тим за самоевалуација

- Дефинирање на индикатори за квалитет

- Одредување на изворите на податоци

- Изработка на инструменти за собирање на податоци: прашалници, интервјуа и слично

- Собирање и обработка на податоците

- Пишување на извештај за самоевалуацијата

- Изработка на развоен план на училиштето

**Извори користени при процесот на самоевалуацијата**

**1. Записници од:**

- Училишен одбор;

- Државни инспектори;

- Наставнички совети;

- Совет на паралелките;

- Психолог.

**2. Прашалници за:**

- Родители;

- Ученици;

- Наставници.

**3. Педагошка документација:**

- Дневници за работа на паралелките;

- Главни книги.

**4. Извештаи од:**

- Извештаи од работа на училиштето во изминатите 2 години;

- Психологот за успехот, редовноста и поведението на учениците;

- Раководителите на паралелките;

- Претседатели на активи.

**5. Програми за работа на училиштето во изминатите 2 години**

**6. Развоен план на училиштето**

**7. Наставни планови и програми по предмети**

**8. Планирања и подготовки на наставниците**

**9. Завршни сметки / финансии**

**10. Евиденција од:**

- Изрекување на предагошки мерки;

- Посета на културни и други институции;

- Вонnаставни активности, предавања, дефилеа, трибини и слично;

- Одбележување на значајни датуми;

- Еко кодекс, кодекс на однесување на учениците;

- Работата на ученичкиот парламент.

**Комисија за спроведување на самоевалуацијата на училиштето во периодот од 2023 -2025 година**

1. Марина Варадиновска – директор
2. Елена Богатинова – координатор
3. Елена Ивановска-Костадинова – психолог
4. Јуксел Јашаров – родител

| Подрачја | Работна група (одговорни и членови) |
|---|---|
| Подрачје 1: **Наставни планови и програми** | Наташа Станчева – одговорен<br>Елена Богатинова |
| Подрачје 2: **Постигања на учениците** | Елена Ивановска-Костадинова – одговорен<br>Лидија Ѓоргиева |
| Подрачје 3: **Учење и настава** | Тони Поп Димитров – одговорен<br>Наташа Тасева |
| Подрачје 4: **Подршка на учениците** | Габриела Донева – одговорен<br>Виолета Давиткова |
| Подрачје 5: **Училишна клима (ЕТОС)** | Ванѓа Мушевска – одговорен<br>Емилија Шуманска |
| Подрачје 6: **Ресурси** | Тања Неткова – одговорен<br>Методи Пуздерлиски |
| Подрачје 7: **Управување, раководство и креирање политика** | Катица Костова – одговорен<br>Фросина Тасевска |

**Подрачје 1. Наставни планови и програми**

<table>
<tr><td colspan="2">

<u>**Подрачје 1.**</u><br>
<u>**НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ**</u><br><br>
**Индикатори за квалитет:**<br><br>
**1.1 Реализација на наставните планови и програми**<br>
**1.2. Квалитет на наставните планови и програми**<br>
**1.3. Воннаставни активности**

</td></tr>
<tr><td>

**1.1**<br>
**Реализација на наставни планови и програми**

</td><td>

Во **СОУ ,,Димитар Мирасчиев“ - Штип** се реализира воспитно-образовна дејност од текстилно – кожарската струка, текстил, кожа и слични производи за редовни ученици преку три образовни профили и тоа: **Техничар за дизајн на облека, Техничар за моделирање на облека и Техничар за изработка на облека, со зголемен број на часови по практична образование (дуално образование)** со четиригодишно траење на образованието.<br>
Центарот за стручно образование и обука во соработка со Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации на Министерството за образование и наука, во 2016 година изготви Концепција за модернизација на техничкото образование (средно стручно образование и обука со четиригодишно траење) во Република Северна Македонија.Оваа Концепција за модернизација на техничкото образование предвидува воведување стратешки промени во средното стручно образование, негово модернизирање кое треба да вклучи флексибилно и транспарентно ниво на образование засновано на принципите на доживотното учење, кое треба да одговара на индивидуалните потреби и потребите на пазарот на трудот на национално и локално ниво. Вака конципирано, средното стручно образование треба да го поддржи општествено-економскиот развој на Република Северна Македонија, нудејќи им на сите запишани ученици, односно на сите поединци можност да стекнат знаења, вештини и компетенции неопходни за вршење работа, односно да се здобијат со квалификации потребни на пазарот на трудот, но и за продолжување на образованието. Тоа треба да го направи стручно образование доволно отворено и флексибилно за да ги задоволува различните образовни потреби.<br>
За таа цел изработени се посебни наставни планови и соодветни модуларни наставни програми, кои се базирани на знаења, вештини и компетенции кои учениците можат да ги стекнат низ еден интердисциплинарен пристап, нудат поголем предизвик од традиционалните пристапи, но и поголема флексибилност во дизајнирањето програми за учење кои се прилагодени на потребите на учениците. Реформираните наставни планови и

</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | програми се изготвени од БРО (Бирото за развој на образованието) и ЦСОО (Центар за стручно образование и обука) и одобрени од МОН (Министерство за образование и наука). Истите се достапни на веб страната – www.csoo.edu.mk.Во наставните планови за квалификациите со четиригодишно траење на образованието, застапени се програмски подрачја и наставни предмети по години на изучување, неделен и годишен фонд на часови поделени како заеднички општообразовен модул, општо-образовен модул значаен за секторот текстил кожа и слични производи, стручно образование во рамки на кое има задолжителни модули и изборни модули, практично образование (Учење преку работа кај работодавач и феријална практика и содржини програмирани од училиштето).<br>Во реформираните наставни планови за квалификациите со тригодишно траење на образованието: **Конфекционер**, застапени се програмски подрачја и наставни предмети по години на изучување, неделен и годишен фонд на часови поделени како: општо образование, стручно образование и практична обука. |
| **1.1.1 Наставни програми** | Наставата во образовните профили со четиригодишно траење на образованието се реализира според наставните програми за реформирано средно образование и наставните планови со зголемен број на часови по практична настава. Училиштето во целост ги реализира наставните планови и програми одобрени од МОН и ЦСОО . При тоа се земаат во предвид индивидуалните психофизички способности на учениците и можноста за вклучување на родителите во реализацијата на истите во зависност од видот и степенот на нивното образование преку барање помош, мислење, сугестии и вклучување во разни активности соодветни на нивната професија, афинитет, влијание и углед за подобрување на материјалната основа, условите за работа и унапредување на воспитно-образовната дејност. Исто така, се вршат одредени прилагодувања на програмата од страна на наставниците поради немање соодветно стручна литература по стручните предмети, преклопување на предмети или недоволна корелација меѓу сродни предмети.<br>**Теоретската настава** се реализира според постојните наставни планови и програми во средното стручно образование за општообразовните предмети и според програмата во средното четиригодишно стручно образование и во тригодишното стручно образование за стручните предмети и предметите кои се во функција на струката.<br>**Практичната настава** за учениците од текстилно-кожарската струка – текстил, кожа и слични производи ќе се изведува според модуларно-дуалните наставни планови и програми кај работодавач од приватниот сектор. Овде секако може да се наведе и **феријалната пракса** која се изведува за време на летниот распуст по програма согласно модуларната реформа.<br>**Информираност на родителите и учениците за наставните** |

| | |
|---|---|
| | **планови и програми.**<br>На почетокот на учебната година наставниците ги запознаваат учениците со содржината на наставниот план и програма за тековната учебна година, а родителите на родителските средби и преку родителските одбори се запознаваат со содржините и воспитно-образовните цели кои ќе се реализираат.<br>**Прилагодување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби.**<br>Во училиштето се изработуваат прилагодени посебни програми ИОП за ученици со посебни потреби. Секој наставник самостојно изработува прилагодена програма за работа со секој ученик со атипичен развој и истата се разгледува со педагошко психолошката служба во училиштето.<br>Во стручното образование има понудено неколку изборни модули за во трета и четврта година од кои учениците одбираат. Секој изборен модул се состои од еден или два предмети кои се изучуваат во трета и четврта година. Преку изборните програми учениците ги прошируваат и продлабочуваат знаењата, способностите и вештините од научените области за кои се определиле. Изборните програми се во функција на професионалната ориентација на учениците и нивна подготовка за поквалитетно следење на повисокиот степен на образование. По определување на изборните предмети тие стануваат задолжителни за ученикот и влијаат на општиот успех. Реализирањето на овие часови се одвива според истите критериуми и квалитет како наставата за задолжителните предмети. Освен изборните предмети учениците следат и содржини програмирани од училиштето кои од воведување на модуларното реформирано стручно образование се од областа на струката. За овој предмет учениците се оценуваат, но оценките не влегуваат во успехот на ученикот. За време на класните часови на паралеката се одржува настава од областа на **Образование за животни вештини** по програма која им нуди на учениците можност за дискутирање од повеќе области како култура, здравје, екологија, етика, граѓанско образование, професионална ориентација и слично. Училиштето има посебна задача во воспитувањето на младите за рамноправнии хумани односи меѓу половите, за ангажирање и поттикнување на индивидуалните способности, задоволување на интересот на учениците, развивање на колективната свест како и збогатување на општествениот живот и рекреација на учениците, според условите во училиштето ќе се настојува да се обезбедат просторни и организациони услови за реализирање на слободните активности. |
| **1.1.2 Програми за додатна и дополнителна настава** | За учениците кои во текот на редовната настава постигнуваат надпросечни резултати и ќе покажат зголемен интерес за одделни научни и наставни содржини ќе се организира додатна настава преку која ќе се обезбеди проширување и продлабочување на содржините на одредени предмети и подрачја и учество на |

| | |
|---|---|
| | учениците на натпревари и проекти од различни области, општествено-културни активности, спортски активности, каде што рамноправно учествуваат и машки и женски ученици, во зависност од интересите. Стручната служба изработува програма за работа со талентирани/надарени ученици. За учениците кои имаат потешкотии во учењето во текот на учебната година се организира дополнителна настава. Предметниот наставник е задолжен да изведува дополнителна настава, ако по предметот се евидентираат негативни оценки. Секој предметен наставник изготвува распоред за изведување на дополнителна настава и годишно и тематско планирање. |
| **1.1.3 Консултативна и продолжителна настава** | Оваа настава се организира за оние ученици на кои им е потребна помош во совладувањето на одделни содржини од предметите кои учениците не ги изучувале, го менуваат профилот или струката или се упатени на поправен испит и испит на годината. Консултативната настава се изведува и со учениците од завршните години со менторите за полагање на државна матура и завршен испит. Истата се изведува во училиштето редовно по договор со учениците како во однос на времето за нејзина реализација, така и според потребите на ученикот, а во согласност со календарот за организација на учебната година, даден од Министерство за образование и наука. |
| **1.1.4 Ученички екскурзии** | Ученичките екскурзии претставуваат посебна форма на воспитно-образовна работа со која на организиран начин се прошируваат општите и стручните знаења на учениците. Се планираат екскурзии поврзани со теми и содржини од наставните програми, еднодневни и повеќедневни екскурзии и посети од воспитен, културен, забавен и стручен карактер со цел учениците да се запознаат со природните убавини и со културно- историските знаменитости на Република Северна Македонија и земјите од Европа. Се организираат и стручно-истражувачки екскурзии и завршни екскурзии каде што учениците ќе посетат индустриски капацитети и фабрики за текстил и кожа, економски претпријатија и ќе се запознаат директно со современите машини и технологија на производство. Во училиштето се планира соодветна програма за научни екскурзии, но поради нискиот стандард  и социјалната состојба на учениците ученичките екскурзии не се реализираат редовно. |
| **1.2 Квалитет на на наставните планови и програми** | **Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала**<br>При реализација на наставните планови и програми постои подеднаква можност за учество на учениците од различна етничка и полова припадност во раководењето, соработката, договарањето, самодовербата и разрешувањето на конфликтите.<br><br>**Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина вонаставните програми и наставните помагала**<br>Училиштето остварува соработка со Локалната заедница преку |

| | |
|---|---|
| | заеднички акции од областа на екологијата (еко-одбор), разни општествено-културни активности (прослава на јубилеи на општината, ликовно, литературни конкурси), спортски меѓуопштински натпревари и слично. Училиштето го искористува сето она што го нуди локалната средина за успешно остварување на програмските задачи, но исто така тоа придонесува за подигање на културно-образовното ниво на учениците. Има можности за интегративен пристап кон содржините на сродните предмети, што се изведува преку работата на активите и нивна координираност.<br>**Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми**<br>Наставниците имаат можност за модификација на наставните планови и програми преку перманентно стручно усовршување и преку примена на активните методи и техники на учење кои го потикнуваат критичкото мислење на учениците.<br>Предметните наставници земаат учество на семинари и обуки организирани од МОН, БРО и ЦСОО како и семинари организирани од други невладини организации за стручно усовршување на наставниците. Квалитетот на наставните програми и планови се ревидира и преку учество на наставниот кадар од училиштето во активна и консултативна изработка и доработка на нови и стари наставни програми, од задолжителните предмети, изборните предмети и од содржините програмирани од училиштето. |
| **1.3 Воннаставни активности** | Придобивките од воннаставните активности се повеќекратни: афирмација на училиштето во Локалната заедница, лична афирмација на учениците кои преку овие активности се социјализираат, се дружат, учат преку соработка и комуникација. Активите и секциите на училиштето изработуваат програми за работа со надарени и заинтересирани ученици за учество на натпревари, конкурси и изложби. Учениците се стекнуваат со искуство и за тоа се наградуваат со пофалници, признанија, сертификати и дипломи. |

**Анализа и интерпретација на резултатите од анкетите на подрачјето**

**Наставници**

1. **Наставни планови и програми**

**1.1 Реализирање на наставните планови и програми**

Според направената анкета 70,6 % од наставниците се изјасниле дека наставните планови и програми се согласно потребите на учениците и се доволни за поучувањето да биде успешно, 29,4% пак се изјасниле дека наставните планови и програми делумно ги задоволуваат потребите за поучување на учениците, негативно се нема изјаснето ниту еден испитаник. Од тука се јавува потребата наставните планови и програми да бидат ревидирани на годишно ниво со што ќе се овозможи диверзитет во наставата и постојано надоградување со нови теми и подрачја согласно развојот на светот.

**1. Наставните планови и програми ги задоволуваат потребите за поучување**




**1.2 Квалитет на наставните планови и програми**

**2. Употребата на дополнителни алатки во наставата како ИКТ или нови иновативни технологии ВИ ги дополнуваат наставните програми во нивниот квалитет**

Квалитетот во наставата се одредува воедно и од употреба на модерни средства и помагала кои ја потпомагаат програмата и ја до збогатуваат. Според анкетата 82,4% од анкетираните наставници сметаат дека употребата на информатичка технологија или ВИ во наставата е во голема помош за дополнување на истата, 17,6% пак сметаат дека делумно новата технологија ги надополнува наставните програми. Согласно овие одговори се донесува заклучок дека новата технологија во голем процент е присутна во наставата и е од помош при креирање на часови, настава и се друго поврзано со поучувањето. Квалитетот на наставата во денешно време во голем процент зависи од технолошката опременост на училиштето и од технолошката писменост на наставниот кадар.




**4. Програмите по кои се изведуваат *Содржини програмирани од училиштето* се во соодност со очекувањата и потребите на учениците**




Во однос на програмите кои се изведуваат како содржини програмирани од училиштето, мислењето на учениците е подделено, односно 52,9% од испитаниците се согласуваат дека се во соодност со очекувањата и потребите на учениците, 41,2% се изјасниле дека делумно се согласуваат со ова и мал дел 5,9% дека воопшто не се согласуваат.

**5. Понудата на програми за изборни предмети е во согласност со потребата и барањата на учениците**




Воедно квалитетот на одбраните програми согласно наставните планови зависи и од вклученоста на сите наставници и ученици и информираноста на родителите во изборот на изборни предмети и во детерминирање на потребата од одредени теми во изборот на содржините на училиштето. Во најголем процент наставниците се изјаснуваат дека изборот е во согласност со потребата и желбата на учениците, но голем дел делумно се слагаат со ова. Тоа значи дека при изборот на изборни предмети не се дава последен збор на желбата и потребата на учениците туку се избираат веќе постоечки програми или истите се поврзани исклучиво со струката. Во одредени одговори наставниците се децидни 5,9% од анкетираните, дека воопшто не се бирани програми според поттребата и очекувањата на учениците.

**1.3 Воннаставни активности**

**3. Реализирањето на воннаставни активности е потребно како надополнување на програмите и воведување на разноликост на темите за поучување**

Во делот на воннаставни активности анкетираните наставници се изјасниле во голем број 94,1% дека реализирањето на овие активности е надополнување на постојните програми и е од голема важност за наставата и поучувањето.




Помал број 5,9% делумно не се согласуваат со истото. Воннаставните активности се од различни подрачја и истите се реализираат преку целата година.

**Анализа и интерпретација на резултатите од анкетите на подрачјето**

**Ученици**

**1. Наставни планови и програми**

При реализирање на анкетите за учениците опфатени се повеќе од две третини од учениците од сите четири годинни.




Според анкетираните ученици дури 90,9% од нив се задоволни со наставната програма која ја нуди струката и се задоволни на покажаниот квалитет на истата. Големиот избор на предмети кои се изучуваат согласно реформираните модуларни програми им нудат на учениците интересни содржини и желба за учење. 9,1% од учениците делумно се изјасниле дека се согласуваат со програмските содржини кои им го задржуваат вниманието и им будат интерес за истражување и учење.

Сами ги бираме изборните предмети кои ги нуди нашата струка

Учениците во најголем дел се сложуваат дека самостојно ги бираат понудените изборни содржини, предмети, 18,2% не се целосно согласни, а 9,1% се изјасниле дека изборните предмети им се наметнати. Речиси идентично е и со изборот на *Содржини програмирани од училиштето* кои се исклучиво со теми од струката и ѝ се изучуваат во сите четири години.




На вонраставните активности учам други работи кои ги нема во предметите од редовната настава и активно учествувам во истите




На прашање за третиот дел од подрачјето за наставни планови и програми анкетираните ученици во најголем дел, дури 63,6% се изјасниле дека делумно се учесници на вонраставните активности и дека истите делумно им нудат нови содржини кои веќе не ги имаат во другите редовни и изборни програми. Со 27,3% се изјасниле дека се акттиви учесници на вонраставните активности и дека од нив учат нови работи, а најмал процент 9,1% воопшто не учествуваат во вонраставните активности.

**РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ОД ПОДРАЧЈЕТО НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ**

**Клучни јаки страни:**

- Наставните планови и програми по сите наставни предмети содржински се квалитетно изработени;
- Редовно се изготвуваат годишните, тематските и дневните планирања од страна на сите наставници, со опфат на ИКТ програмата, ВИ, теми од еко-проектот и теми за меѓуетничка интеграција;
- Наставниците изготвуваат индивидуални програми за работа со ученици со

| |
|---|
| посебни потреби;<br>• Постои заемна соработка на ниво на стручни активи;<br>• Оптимално користење на постојната литература и материјално-техничките услови за работа вклучувајќи ја и ИКТ програмата;<br>• Соработка со родителите и локалната заедница за успешно реализирање на наставни и воннаставни активности;<br>• Успешна реализација на дополнителна и додатна настава;<br>• Успешна реализација на слободните и воннаставните активности. |
| **Слаби страни:**<br>• Недоволна опременост на училиштето со наставни средства и помагала за реализација на наставните планови и програми;<br>• Недоволна вклученост на наставниците од страна на МОН во изготвувањето на наставните планови и програми;<br>• Несоодветни теми за изборни предмети и содржини програмирани од училиштето кои им се наметнуваат на учениците. |
| **Идни активности: приоритетни подрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето.**<br>• Вклучување на наставниците при изработка на наставните планови и програми особено за *Содржини програмирани од училиштето* од делот на наставници кои предаваат општообразовни предмети;<br>• Поголем удел на учениците во изборот на воннаставни активности и севкупно вклучување на сите ученици. |

## Подрачје 2: Постигања на учениците

| **Постигања на учениците** | |
|---|---|
| **Оддели во рамките на подрачјето** | **Теми** |
| **2.1.Постигања на учениците** | 2.1.1.Следење на постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност, по наставни предмети и по квалификациони периоди<br>2.1.2. Подобрување на постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност<br>2.1.3. Идентификација и поддршка на ученици со потешкотии во учењето, надарени ученици и на ученици со посебни образовни потреби<br>2.1.4. Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава<br>2.1.5. Следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование |
| **2.2.Задржување/осипување на учениците** | 2.2.1. Опфат на учениците<br>2.2.2.Редовност во наставата |

| | |
|---|---|
| | 2.2.3. Намалување на бројот (осипување) на учениците<br>2.2.4. Премин на ученици од едно училиште во друго |
| **2.3.Повторување на учениците** | 2.3.1. Ученици што не ја завршуваат годината |

| **2.1 Постигања на учениците** | |
|---|---|
| **Собирање на податоци** | |
| **Прегледани докумнети** | **Собрани информации** |
| • Дневник на паралелките;<br>• Електронски дневник;<br>• Преглед за успех од тримесечје;<br>• Полугодишен и годишен извештај;<br>• Записници од класни совети;<br>• Записници од наставнички совет;<br>• Записници од стручни активи;<br>• Годишна | **2.1.1. Следење на постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност, по наставни предмети и по квалификациони периоди**<br>-Во однос на следењето на постигнувањата на учениците по наставни предмети и класификациони периоди, испитаниците посочуваат дека училиштето континуирано ги следи постигнувањата на учениците. Поточно, во училиштето на крајот на секое тримесечје се врши анализа на успехот и се прават споредби на истиот во однос на претходните години. По етничка припадност училиштето прави статистика за поведение и изостаноци. Постигањата на учениците се евидентираат во дневниците за работа, евидентните листови, табелите за успех и поведение на учениците и во анализите за успех и поведение на учениците на тримесечје, полугодие и на крај на наставната учебна година.<br>Што се однесува до резултатите според половата структура, во однос на успехот, нема големи разлики.<br>**2.1.2. Подобрување на постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност**<br>-Училиштето прави напори за подобрување на успехот на учениците со воведување на нови методи на работењето, преку поголема соработка во рамките на стручните активи, преку советувањата на родителите и учениците, како и преку постојано стручно усовршување на наставниот кадар. Врз основа на анализите и континуираното следење на успехот, при утврдување на состојби со слаб успех се организира дополнителна настава со цел да се постигне подобрување. Гледано по квартали, успехот бележи подобрување од еден во друг квартал. |

| | |
|---|---|
| програма за работа на училиштето;<br><br>• Годишен извештај за работата на училиштето;<br><br>• Интервју со психолог;<br><br>• Прашалник за родители;<br><br>• Прашалник за наставници;<br><br>• Прашалник за ученици. | **2.1.3. Идентификација и поддршка на ученици со потешкотии во учењето, надарени ученици и на ученици со посебни образовни потреби**<br>- Во училиштето со изготвени пишани процедури, се врши идентификација на ученици со потешкотии во учењето, надарени ученици и ученици со посебни образовни потреби. Првично оваа идентифакција се прави преку разговор на класните раководители во соработка со стручната служба и со родителите на учениците, при што се прави прибирање на потребните податоци. Понатаму идентификација се врши и од страна на предметните наставници преку директно набљудување на учениците и нивната вклученост за време на наставните часови. По идентификацијата на учениците се превземаат конкретни мерки со цел да бидат поддржани во оние области каде што им е потребно.<br>Во однос на надарените ученици тие најчесто се идентифицираат преку предметните наставници при што нивната дарба се насочува во конкретната област. Училиштето редовно ги известува родители на учениците преку родителски средби и евидентни листови, како и преку советувања од страна на психилогот. Врз основа на спроведеното испитување се утврдува дека училиштето има формирано Инклузивен тим за учениците со посебни образовни потреби за идентификација на учениците со потешкотии во учењето со посебни образовни потреби. Наставниците за работа со овие ученици организираат дополнителна настава и изготвуваат посебна ИОП програма.<br>Во однос на оваа точка потребно е усовршување на системот за идентификација на оваа група на ученици.<br>**2.1.4. Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава**<br>- Покрај следење на општиот среден успех, се следи и успехот на учениците на ниво на години, паралелки и поединци во класот. При споредба на успехот по пол, учениците од женски пол имаат минимално подобар среден успех од учениците од машки пол. Споредено по национална припадност е констатиран приближно ист успех. Наставниците применуваат современи форми и методи во наставата со цел да се постигне подобрување на постигањата на учениците. Во однос на дополнителната настава таа се спроведува во училиштето, но не од сите предметни наставници и не по сите предмети. Во однос на овој аспект училиштето треба да го актуелизира планирањето и реализирањето на дополнителната настава.<br>**2.1.5. Следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование**<br>- Училиштето не ги следи постигањата на учениците од едно во друго средно училиште, што значи дека училиштето треба да подготви стратегија за да се следи оваа точка. |

| | |
|---|---|
| | Мислењето на наставниците, учениците и родителите во однос на наведените теми е испитано со помош на анкета чии што резултати се прикажани подолу. Најголемиот дел од испитаниците се согласуваат со наведените искази.<br>Во училиштето наставниците се обучени онлајн за инклузивно образование и се спремни да работат со ученици кои имаат посебни потреби во присуство на образовни асистенти, лични асистенти и психолог на училиштето. |

| **2.2 Задржување/осипување на учениците** | |
|---|---|
| **Прегледани докумнети** | **Собрани информации** |
| • Дневници на паралелките<br><br>• Годишен извештај за работа на училиштето<br><br>• Годишна програма за работа на училиштето<br><br>• Записници од Наставнички совети и Класни совети<br><br>• Анализа за успехот и поведението<br><br>• Главна книга на паралелката<br><br>• Преведници<br><br>• Педагошка евиденција и документација | **2.2.1. Опфат на учениците**<br>- Училиштето има комуникација и соработка со локаланата заедница во врска со оваа тема. Поведението на учениците се следи по национална припадност и пол по квартали, на полугодие и на крај. Понатаму училиштето преку класните раководители соработува и ги информира родителите на учениците.<br>**2.2.2.Редовност во наставата**<br>- Редовноста е клучен фактор за постигање добри резултати во училиштето. Редовното следење на часови им помага на учениците подобро да го совладаат материјалот за работа. Училиштето континуирано ја следи редовноста на учениците. За подобрување на редовноста постојано ја развива својата стратегија за редовноста на учениците. Најчестите причини за отсуствување и нередовност се детектираат, анализираат и се преземаат конкретни активности за да се подобри редовноста.<br>**2.2.3. Намалување на бројот (осипување) на учениците**<br>- Во изминатиот период е забележано намалување на бројот на учениците во училиштето. Намалениот број на ученици го намалува чувството на групна припадност и може да влијае врз мотивацијата на учениците. Преку групна работа и дополнителни активности се поттикнува мотивацијата кај учениците. Училиштето го следи осипувањето на учениците. Најчеста причина за осипување на учениците е заминување во странство со фамилијата, склучување на малолетни бракови. Во однос на ова дополнително се врши советување на родителите на учениците кои го напуштаат училиштето со цел да им се укаже на важноста од завршеното средно стручно образование согласно законот за средно образование.<br>**2.2.4. Премин на ученици од едно училиште во друго**<br>- Училиштето успешно ја реализира задачата при премин на учениците од едно во друго училиште, преку стручната служба, во рамките на програмата за советување на родителите, ги повикува на советување родителите на учениците кои имаат голем број изостаноци и се нередовни. За учениците кои |

| | |
|---|---|
| • Програма и записници од советување на родителите | преминуваат во друго училиште се води педагошка евиденција и документација, навремено се доставуваат информации за ученикот и се издаваат преведници. Мислењето на наставниците, учениците и родителите во однос на наведените теми е испитано со помош на анкета чии што резултати се прикажани подолу. Најголемиот дел од испитаниците се согласуваат со наведените искази. |
| **Подрачје 2: Постигања на учениците** | |
| **2.3.Повторување на учениците** | |
| **Прегледани докумнети** | **Собрани информации** |
| • Дневници и главни книги на паралелките<br><br>• Годишен извештај и програма за работа на училиштето<br><br>• Програми за дополнителна настава<br><br>• Записници од Наставнички совети и Класни совети<br><br>• Анализа за успехот и поведението и педагошка евиденција и документација | **2.3.1 Ученици што не ја завршуваат годината**<br>- Во текот на учебната година мал број на ученици не успеваат да ја завршат наставата успешно. Причините за тоа се најчесто нередовно посетување на настава, слаба мотивација за учење, недоволна поддршка на учениците од родителите. Помал е бројот на ученици кои ја повторуваат годината и училиштето презема мерки за напредување на учениците и ги запознава родителите со активностите кои ги презема. Во училиштето се прават напори за надминување на појавата за повторување на годината од страна на учениците преку заедничка соработка со наставниот кадар во училиштето. Во училиштето се почитуваат законски и статутарни правила и процедури при повторување на учениците. Им се овозможува поднесување на приговори и жалби во одреден рок до Наставнички совет или до Училишен одбор кои ја разгледува, прифаќа или одбива истата.<br>Училиштето го следи повторувањето на учениците по пол и национална припадност на крај на учебната година. Во поглед на полова припадност, повеќето од учениците кои ја повторувале годината се од машки пол. Главна причина за повторувањето е нередовноста на учениците и непојавување на испит на годината,поправен испити, како и недоволниот успех на учениците по одреден предмет за премин во наредна година. Во рамки на повторувањето на учениците, училиштето презема конкретни активности со цел намалување број на ученици кои повторуваат, на тој начин што се организира дополнителна настава и друг вид на помош на учениците на кои им е потребно. Се советуваат родителите и учениците од стрна на стручната служба. Училиштето вложува напори преку, индивидуални разговори, мотивациски активности и соработка со родителите. Училиштето ги запознава родителите со правото за поднесување на жалба при повторување.<br>Мислењето на наставниците, учениците и родителите во однос на наведените теми е испитано со помош на анкета |

| | |
|---|---|
| | чии што резултати се прикажани подолу. Најголемиот дел од испитаниците се согласуваат со наведените искази. |

| **Подрачје 2: Постигања на учениците** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Собирање на податоци** | | | | |
| **Методи користени за собирање на податоци** | **Училишен тим** Елена Ивановска Костадинова Лидија Ѓоргиева | **Собирање на податоци** | | |
| Анкета за наставници | Анкетирани се 12 наставници. | | | |
| | **Прашање** | **Се согласувам** | **Делумно се согласувам** | **Не се согласувам** |
| | 1.Училиштето има инструмент со кои ги следи постигнувањата на учениците по наст. предмети и квалиф. периоди | 10<br>83,33% | 2<br>16,67% | 0 |
| | 2.Училиштето има инструмент со кои ги следи постигнувањата на учениците според различен пол и етничка припадност | 8<br>66,67% | 4<br>33,33 | 0 |
| | 3.Училиштето промовира уверување дека постигнувањата на сите | 9<br>75% | 3<br>25% | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ученици можат да се подобрат | | | |
| | 4.Училиштето планира конк. активности за пост. подобр. на постиг. на учени. од различен пол и етничка припад. | 11<br><br>91,67% | 1<br><br>8,33% | 0 |
| | 5.Училиштето има систем за идентиф. на ученици кои имаат тешкотии во учење или се со посебни потреби | 9<br><br>75% | 3<br><br>25% | 0 |
| | 6.Училиштето има стратегија за идентиф. на надарени ученици и организира додатна настава за нив | 8<br><br>66,67% | 4<br><br>33,33% | 0 |
| | 7.Најголем број на наставници обезбед. поддршка во редовната настава за учениците со тешкотии во учењето | 9<br><br>75% | 3<br><br>25% | 0 |
| | 8.Училиштето организира дополнит. настава за учениците со | 11<br><br>91,67% | 1<br><br>8,33% | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | тешкотии во учењето или со посебни обр.потреби | | | |
| | 9.Училиштето ги следи постигнувањата на учениците при премин од еден во друг циклус на образование | 11<br><br>91,67% | 1<br><br>8,33% | 0 |
| | 10.При разлики во постиг.на учениците при премин од еден во друг циклус училиш. презема актив. за надмин. | 9<br><br>75% | 3<br><br>25% | 0 |
| | | <br> | | |

| | | |
|---|---|---|
| | |  Прашање 2<br>0<br>33,33<br>66,67<br>Сесогласувам<br>Делумно се согласувам<br>Не се согласувам  Прашање 3<br>0<br>25<br>75<br>Се согласува<br>Делумно се согласува<br>Не се согласува |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br>Прашање 4<br>0<br>8,33<br>91,67<br>Се согласува<br>Делумно се согласува<br>Не се согласува<br><br>Прашање 5<br>0<br>25,5<br>75<br>Се согласува<br>Делумно се согласува<br>Не се согласува |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br>Прашање 6<br>0<br>33,33<br>66,67<br>Се согласува<br>Делумно се согласува<br>Не се согласува<br><br>Прашање 7<br>0<br>25<br>75<br>Се согласува<br>Делумно се согласува<br>Не се согласува |

| | | |
|---|---|---|
| | | Прашање 8<br>0<br>8,33<br>91,67<br>Се согласува<br>Делумно се согласува<br>Не се согласува<br>Прашање 9<br>0<br>8,33<br>91,67<br>Се согласува<br>Делумно се согласува<br>Не се согласува |

| | | |
|---|---|---|
| | |  |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Подрачје 2: Постигања на учениците** | | | |
| **Собирање на податоци** | | | |
| **Методи користени за собирање на податоци** | **Училишен тим** Елена Ивановска Костадинова Лидија Ѓоргиева | **Собирање на податоци** | |
| Анкета за родители | Анкетирани се 10 родители. | | |
| | **Прашање** | **Се согласувам** | **Делумно се согласувам** | **Не се согласувам** |
| | 1.Училиштето има податоци за обемот на ученици и има осмислени акции за | 5<br><br>50% | 3<br><br>30% | 2<br><br>20% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | вклуч. на ученици во настава | | | |
| | 2.Училиштето ја следи редовноста на учен., ги анализира причините за отсуство и презема конкр. активн. | 4<br><br>40% | 4<br><br>40% | 2<br><br>20% |
| | 3.Училиштето ја следи редовноста на учениците според полот, етничката припадност и социјалното потекло | 4<br><br>40% | 3<br><br>30% | 3<br><br>30% |
| | 4.Просечниот број на неоправдани е помал од 5 по ученик и редов. е поголема од претходните 3 години | 3<br><br>30% | 3<br><br>30% | 4<br><br>40% |
| | 5.Училиштето ги анализира причините за напуштање на образованието и презема конкретни активности за да го намали напуштањето | 3<br><br>30% | 7<br><br>70% | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | на образование | | | |
| | 6.Училиштето ја почитува постапката за премин од едно училиште во друго, ги бара и ги доставува инфор. | 5<br><br>50% | 3<br><br>30% | 2<br><br>20% |
| | | <br><br><br> | | |

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td>




</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | <br><br><br> |

| | | |
|---|---|---|
| **Подрачје 2: Постигања на учениците** | | |
| **Собирање на податоци** | | |
| **Методи користени за** | **Училишен тим** Елена Ивановска | |

| **собирање на податоци** | Костадинова Лидија Ѓоргиева | **Собирање на податоци** | | |
|---|---|---|---|---|
| Анкета за ученици | Анкетирани се 16 ученици. | | | |
| | **Прашање** | **Се согласувам** | **Делумно се согласувам** | **Не се согласувам** |
| | 1.Училиштето има инструмент со кои ги следи постигнувањата на учениците по наст. предмети и квалиф. периоди. Кои ја завршуваат годината во постојан пораст | 5<br><br>31,25% | 9<br><br>56,25% | 2<br><br>12,5% |
| | 2.Училиштето ги индетификува и анализира причините за повторување на учениците во учебната година | 5<br><br>31,25% | 6<br><br>37,5% | 5<br><br>31,25% |
| | 3.Училиштето презема навремени мерки за намалување на бројот на ученици кои ја повторувале годината | 8<br><br>50% | 5<br><br>31,25% | 3<br><br>18,75% |
| | 4.Училиштето има стратегија за идентиф. на надарени ученици и | 8<br><br>50% | 5<br><br>31,25% | 3<br><br>18,75% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | организира додатна настава за нив | | | |
| | 5.Училиштето ја практикува примената на ИКТ во секојдневниот наставен процес | 8<br><br>50% | 3<br><br>31,25% | 5<br><br>18,75% |
| | 6.Најголем број на наставници обезбед. поддршка во редовната настава за учениците со тешкотии во учењето | 9<br><br>56,25% | 6<br><br>37,5% | 1<br><br>6,25% |
| | |  | | |


Прашање 2
31,25
31,25
37,5
Се согласува
Делумно се согласува
Не се согласува


Прашање 3
18,75
50
31,25
Се согласува
Делумно се согласува
Не се согласува


Прашање 4
18,75
50
31,25
Се согласува
Делумно се согласува
Не се согласува







| **Подрачје 2: Постигања на учениците** |
|---|
| **Резултати** |
| **Клучни јаки страни:**<br><br>➢ Континуирано следење на постигнувањата на учениците и преземање активности за нивно подобрување;<br>➢ Разработен акционен план во усовршување на развојната програма на училиштето;<br>➢ Развиена свест за константно подобрување на постигнувањата; |

- Постоењето на системот за идентификација на ученици со тешкотии во учењето, ученици со посебни образовни потреби и надарени ученици;
- Комуникацијата со локалната заедница;
- Следењето на постигнувањата на учениците при премин од еден циклус во друг циклус на образование;
- Следењето и анализирањето на редовноста на учениците;
- Училиштето презема низа чекори во намалување на осипаноста на учениците преку организирање на групни и индивидуални средби со родителите, посетување на нивните домови;
- Анализирањето на мотивите за напуштање на образованието и соработката со надлежните институции;
- Надминување на појавата за повторување на годината од страна на учениците преку заедничка соработка со наставниот кадар во училиштето;
- Училиштето располага со податоци за следење на постигањата на учениците по пол и етничка припадност;
- Подобрување на постигањата на учениците се врши со организирање дополнителна настава;
- Примена на современи форми и методи во наставата;
- Квалитетен наставен кадар кој користи современи и креативни техники на учење;
- Во редовната настава наставниците применуваат ИКТ технологија;
- Воспоставени стандарди и критериуми за оценување по сите наставни предмети и практична настава;
- Учество на ученици на воннаставни активности;
- Континуирана соработка помеѓу педагошката служба образовни асистени и лични асистенти, тимови за инклузиија, учениците и родителите;
- Евиденција и анализа на оправданото и неоправданото отсуство од настава;
- Советодавна и стручна помош на учениците од страна на психологот;
- Солидна комуникација ученик –наставник и родител-наставник, ученик- образовен асистент/личен асистент, родител- образовен асистент/личен асистент, образовен асистент/личен асистент- наставник, ученик- ментор од компанија (бизнис сектор), ментор од компанија (бизнис сектор)- наставник, ученик- ученик;
- Позитивна клима во училиштето и надвор од училиштето за учење и работа;
- Почитување на Кодекс на однесување во училиштето;
- Соработка со Центарот за социјална работа;
- Соработка со Просветниот инспектор;
- Учениците имаат можност да членуваат во голем број слободни активности;
- Редовната настава континуирано се унапредува;
- Во училиштето постојат процедури за идентификување и анализирање на причините за повторувањето и се преземаат навремени мерки со цел намалување на бројот на ученици кои повторуваат;
- Училиштето ги запознава родителите со правото на жалба при повторување на годината;

- Училиштето соработува и е отворено за сите заинтересирани: родители, членови на Локална самоуправа, медиуми и други институции;
- Учество на натпревари на локално ниво, регионално и државно ниво;
- Организира литературни читања со натпреварувачки карактер;
- Организира хуманитарни акции.

**Слабости:**

- Нема довлно книги по стручни предмети;
- Недоволна актуелизација и реализација на дополнителната и додатната настава во училиштето;
- Отежната е организацијата на дополнителната настава поради поврзаноста на учениците со превоз;
- Мал интерес од страна на родителите за соработка;
- Слабо познавање на македонскиот јазик на дел од учениците;
- Училиштето нема услови да влијае и да врши промени на надворешните фактори кои придонесуваат осип на ученици;
- Недостапност на родителите за комуникација;
- Недоволна заинтересираност на родителите за отсуствувањето на нивните деца;
- Незаинтересираност на дел од учениците за настава;
- Нередовно посетување на настава;
- Доработка и усовршување на конкретните постапки за подобрување на постигнувањата на учениците;
- Усовршување на стратегијата за задржување на учениците во образовниот процес;
- Вклучување на родителите во подобрувањето на постигнувањето на учениците во целиот воспитно-образовен процес.

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Анализа на резултатите**
**(Подетална евалуација на подрачјето Постигања на учениците)**

- Во однос на редовноста на учениците, училиштето континуирано го следи бројот на изостаноците. Во училиштето се врши анализа за причините за отсуство од настава и на време се преземаат конкретни активности за подобрување на редовноста на учениците.
- Училиштето соработува со родителите во врска со редовноста на учениците. Задолжително се поднесуваат документи за отсуствата на учениците кај класните раководители и педагошката служба. Законски се спроведува советување на родителите на учениците кои покажуваат намален успех, нередовност во посетувањето на наставата и манифестираат различни форми на насилство. Изостаноците ги регулираат класните раководители и доколку се констатира дека бројот на неоправдани изостаноци е поголем од дозволеното се повикуваат родителите и учениците на разговор, а потоа се изрекуваат соодветни педагошки мерки. Изречените педагошки мерки се евидентираат во дневникот за работа на

класот, а во писмена форма се информираат и родителите. Такви писмени известувања имаат и училишниот психолог и класните раководители. Изречените педагошки мерки психологот уредно ги регистрира во својата педагошка документација.

- Училиштето преку класните раководители соработува и ги информира родителите на учениците.
- Училиштето преку стручната служба, во рамките на програмата за советување на родителите, ги повикува на советување родителите на учениците кои имаат голем број изостаноци и се нередовни.
- Во учебната 2023/2024 и 2024/2025 година, поведението на учениците бележи подобрување. Во учебната 2023/24 година од 89 ученика 60 се со примерно поведение, 15 ученици со добро поведение, а 14 ученици со незадоволително поведение. Во учебната 2024/25 година од 89 ученици, 50 се со примерно поведение, 23 ученици со добро и 14 ученици со незадоволително поведение.




- Учениците од прва до четврта година во учебната 2023/24 година имаат направено вкупно 5 536 изостаноци, од кои 4 522 се оправдани, а 1 014 се неоправдани изостаноци. Во учебната 2024/25 година учениците имаат направено вкупно 7 213 изостаноци, од кои 5 565 се оправдани, а 1 648 се неоправдани изостаноци.
- Осипувањето на учениците од училиштето редовно се следи. Во учебната 2023/24 година се отсипале вкупно 10 ученици, а во 2024/25 година вкупно 6 ученици. Најчеста причина за осипување на учениците се: заминување во странство, склучување на малолетнички бракови, а еден дел од учениците кои доаѓаат од другите општини заминуваат од училиштето поради надворешни причини како што се: недоволен сместувачки капацитет во училишниот дом и потешкотии при прилагодувањето на новите услови за учење, потешкотии при патувањето. Бројот на ученици кои заминуваат е еднаков или незначително поголем со бројот на оние кои доаѓаат од друго училиште. При преминување на учениците од едно во друго

| |
|---|
| училиште се запазува постапката за уредно водење педагошка евиденција и документација и навремено доставување на информации за ученикот, а истите ги зема во предвид при натамошна образовна работа со ученикот. Преминот од едно во друго училиште е документиран со преведници, а е запишан и во е-дневник и во главна книга на учениците.<br>• Во учебната 2023/24 година 4 ученичка ја повторуваа годината. Во учебната 2024/25 година 3 ученици ја повторуваа годината.<br>• Главна причина за повторувањето е нередовноста на учениците и непојавување на испит на годината.<br>• Училиштето презема конкретни активности со цел намалување број на ученици кои повторуваат- организирање дополнителна настава, советување на родители и ученици од страна на стручната служба.<br>• Училиштето ги запознава родителите со правото за поднесување на жалба при повторување.<br>• Бројот на ученици кои ја повторуваат годината, како и на оние кои се упатуваат на поправен испит секоја година се намалува. |
| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**<br>• Упис на поголем број ученици;<br>• Поголема координација меѓу наставниците во процесот на вреднување и оценување на учениците;<br>• Одржување на едукативни предавања и работилници;<br>• Зголемување на интересот и мотивирање на учениците за текстилно- кожарската струка сектор текстил, кожа и слични производи со воведување на нов концепт на образование со зголемен број на часови по практично образование.<br>• Зголемување на интересот и мотивираноста за редовно следење на наставата; |

**Подрачје 3: Учење и настава**

| **Собирање на податоци** | |
|---|---|
| **Прегледани документи** | **Собрани информации** |
| **3.1.1. Поддршка и следење на планирањата на наставниците**<br><br>-Годишна програма на | **3.1.1. Поддршка и следење на планирањата на наставниците**<br><br>Училиштето има системи за поддршка и следење на планирањата и реализацијата на наставната програма и тоа: |

| | |
|---|---|
| училиштето;<br><br>-Годишна програма за работа на директор;<br><br>-Годишна програма за работа на педагог и психолог;<br><br>-Пропишана интерна процедура за следење на планирањата на наставниците;<br><br>-Дневници за работа;<br><br>-Програми за работа на менторите;<br><br>-Извештај за работата на менторот со менторираниот наставник | - Годишните и тематски планирања кои наставниците на почетокот од учебната година ги доставуваат во педагошко – психолошката служба во дигитална и печатена форма;<br><br>- Оперативни планови за час кои наставниците ги изработуваат за секој наставен час и истите се достапни на увид од страна на директорот, стручната служба и државниот просветен инспекторат;<br><br>- Увид во дневници;<br><br>- Посети на наставни часови од стручната служба и директор при што се користи пропишана процедура која опфаќа инструменти за следење и вреднување на планирањата и подготовките на наставните часови (цели на часот, активности, примена на интерактивни форми и методи, проверка на постигањата на учениците, констатации/евалуација на реализиран час);<br><br>- Консултативни разговори со стручната служба и сугестии за подобрување на наставата и примена на интерактивни техники и методи како и примена на ИКТ во наставата;<br><br>- Воведување во работата на новиот наставен кадар од страна на психолог;<br><br>- Воведување во работата на наставниците-почетници од страна на менторите при што се дава целосна помош и поддршка при планирањата и реализацијата на наставните содржини како и во сите други сегменти од работата на наставниците - почетници. |
| **3.1.2. Индивидуални планирања на наставниците**<br><br>-Педагошка служба,<br><br>-Наставници<br><br>-Наставни планови и програми од БРО и МОН за реализација на наставата.<br><br>-Годишни, тематски планови за реализација на наставата и оперативни планови за | **3.1.2. Индивидуални планирања на наставниците**<br><br>За реализација на наставните планови и програми наставниците подготвуваат:<br><br>- Годишен глобален план;<br><br>- Тематски планирања за секоја тема;<br><br>- Оперативни планови за час;<br><br>- Среднорочни индивидуални образобни планови за ученици со посебни образовни потреби (ИОП);<br><br>- Програми за дополнителна и додатна настава;<br><br>- Програма за реализирање на слободни часови на училиштето; |

| | |
|---|---|
| час, програми за дополнителна и додатна настава во дигитална и печатена форма.<br><br>-Интегрирано планирање на содржини од еко - стандардите<br><br>-Интегрирано планирање на содржини од МИО<br><br>-Годишна програма на училиштето | - Планирање на практична настава на стручните активи.<br><br>Планирањата на наставниците содржат:<br><br>- Цели на учењето;<br><br>- Активности на часовите-интерактивни форми и методи;<br><br>- Избор на задачи во текот на часот како и задачи за домашна работа;<br><br>- Проверка на постигањата на учениците, констатации/ евалуација на реализиран час;<br><br>- Наставниците во своите планирања наведуваат очекувани резултати од учење и наставни содржини кој ќе ги реализираат со примена на ИКТ во наставата.<br><br>Во наставните предмети наставниците вградуваат содржини од програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“. Со овие содржини се допринесува да се поттикнат мисловните активности и да се развие еколошката свест кај учениците. Интегрираното планирање соодвествува со наставните планови и програми на БРО и ЦСОО.<br><br>Во наставните предмети наставниците вградуваат содржини со активности од МИМО. Со овие содржини се допринесува да се развие свеста кај учениците за еднакви можности и почитување на различноста.<br><br>Класните раководители во планирањата за класен час имаат теми од животни вештини.<br><br>Интегрираното планирање соодвествува со наставните планови и програми на БРО и ЦСОО. |
| **3.1.3. Размена на искуства и информации при планирањето на наставните програми**<br><br>-Програми за работа на секој стручен актив за учебната година;<br><br>- Извештаи од состаноци на | **3.1.3. Размена на искуства и информации при планирањето на наставните програми**<br><br>Искуства и информации при планирањето наставниците разменуваат на ниво на:<br><br>Стручниот актив<br><br>- Размена на искуства за реализација на наставната програма;<br><br>- Размена на искуства за примена на интерактивни форми и методи, примена на ИКТ во наставата;<br><br>- Размена на искуства и консултации за програмите за работа со |

| | |
|---|---|
| стручните активи;<br><br>-Годишен извештај за работата на стручните активи;<br><br>-Обуки на наставниците од страна на ЦСОО, БРО и Државен испитен центар;<br><br>-Учество на наставниците на обука за професионален развој одржана во јануари 2019г., обука за примена на новите програми и  образци за годишни планирања и планирања на модуларни единици одржана во  август 2019г. во организација на ЦССО и БРО. | ученици кои имаат потешкотии при совладување на материјалот;<br><br>- Размена на искуства и консултации за програмите за работа со надарени ученици и нивна подготовка за учество на натпревари;<br><br>- Размена на искуства за примена на интерактивни форми и методи, примена на ИКТ во наставата;<br><br>- Размена на искуства за програмите за работа со надарени ученици и нивна подготовка за учество на натпревари;<br><br>-Советници од БРО и Државен испитен центар;<br><br>- Консултации за реализација на наставната програма;<br><br>- Консултации за примена на интерактивни форми и методи, примена на ИКТ во наставата;<br><br>- Консултации за примена на нови обрасци ва планирање на наставата;<br><br>- Консултации за подготовка на учениците за државна матура;<br><br>- Консултации за On Line учење. |
| **3.1.4. Распоред на часови**<br><br>-Распореди во дневниците за работа на паралелките<br><br><br>-Распореди за реализација на наставни и воннаставни активности | **3.1.4. Распоред на часови**<br><br>Распоредот на часови е изработен согласно наставниот план и е направен според просторните и кадровските можности на училиштето. Училиштето изработува распоред за додатна и дополнителна настава, содржини програмирани од училиштето /проектни активности и тој во најголем дел се реализира според предвидената динамика. Се изработува распоред за дополнителна и додатна настава и истиот се огласува на огласната табла, при што им е достапен на учениците, родителите и надлежните институции. Понекогаш има отстапки од распоредот за дополнителна настава поради поврзаноста на поголем број на ученици со организиран превоз.<br><br>100%од наставниците изготвуваат годишни, тематски планови, оперативните планови за час и програмата за работа на активи;<br><br>94% од наставниците сметат дека плановите за реализација на годишните, тематските и оперативните планови ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на наставата;<br><br>100% од наставниците планираат кои наставни содржини ќе ги |

| | |
|---|---|
| | реализираат со ИКТ;<br><br>91% од наставниците се изјасниле дека во училиштето има утврдни процедури за подршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручната служба;<br><br>19% од наставниците сметаат дека делумно има процедура за поддршка и следење на планирањата на наставниците;<br><br>88% од наставниците сметаат дека наодите од следењето на планирањата на наставниците се користат за подобрување на наставниот процес;<br><br>12% од наставниците сметаат дека наодите од следењето делумно се користат за подобрување на наставниот процес;<br><br>72% од наставниците при планирањето на наставата (материјали, интерактивни методи, примена на ИКТ во наставата) разменуваат искуства во рамките на стручниот актив;<br><br>28% од наставниците сметаат дека делумно разменуваат искуства во рамките на стручниот актив;<br><br>64% од наставниците се изјасниле дека при изработка на плановите за реализација на наставата разменуваат искуства со надворешни соработници (наставници од други училишта, советници од соодветните предмети). |
| **3.2.1. Наставни форми и методи**<br><br>-Портфолија на наставници<br><br>-Оперативни планови за час (начини на реализација на часот);<br><br>-Програми за дополнителна и додатна настава;<br><br>-Увид во дневници за реализирана дополнителна и додатна настава реализација на проекти, учество на натпревари; | **3.2.1. Наставни форми и методи**<br><br>Наставниците применуваат повеќе форми и методи за реалзација на наставата индивидуална работа, работа во парови, групи, истражување, презентации, изработка на визуелни помагала, проекти и сл.<br><br>Сите од наставниците применуваат ИКТ во наставата, а голем број часовите ги подготвуваат со power point презентации, примена на некои од пакетите за едукаци и користење на смарт табли.<br><br>Наставниците применуваат наставни форми и методи за развивање на индивидуалните вештини на секој ученик:<br><br>- Дополнителна настава за учениците со потешкотии при совладувањето на материјалот;<br><br>-Учество на натпревари;<br><br>- Учество во проекти; |

| | |
|---|---|
| -Изработени проекти од учениците (кои вклучуваат истражување, powerpoint презентации и примена на ИКТ во наставата);<br><br>-Изработени постери од ученици на час изложени во кабинетите за настава;<br><br>-Излог од предмети изработени од страна на учениците<br><br>-Инструмент за следење и вреднување на планирањата и подготовката на наставниот час;<br><br>-Интрумент за следење и вреднување на изведбата на наставниот час;<br><br>-Инструмент за следење и вреднување на водењето и текот на наставниот час;<br><br>-Инструмент за следење и вреднување за воспоставување клима во паралелката;<br><br>-Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за | - Слободни ученички активности.<br><br>Во наставата се применуваат следните методи и техники на настава: монолошки метод, дијалошки метод, метод на анализа и синтеза, метод на индукција и дедукција, метод на истражување и презентација, дебата и дискусија, метод на решавање на проблеми, метод на играње улоги, метод знам, научив и сакам да знам (ЗСНУ), метод: играње улога, публика, форма и тема (УПФТ), метод на експеримент, метод на критичко мислење, метод на актуелизација на наставата и друго. Употребата на наведените методи се комбинира со употреба на соодветни техники. |

| | |
|---|---|
| оценувањето на напредокот на учениците;<br><br>-Инструмент за следење и вреднување на комуникацијата на наставникот со учениците. | |
| **3.2.2 Употреба на ИКТ во наставата**<br><br>-Годишни, тематски, дневни планирања<br><br>-спроведена обука за користење на смарт таблите | **3.2.2 Употреба на ИКТ во наставата**<br><br>Сите училници имаат смарт табли и сите наставниците се обучени за користење на истите. Сите наставниците се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии и ги применуваат во наставата. Во текот на реализација на наставните содржини со далечина на учење наставниците работеа на развивање на дополнителни вештини и современи техники и активности за реализација на часовите на виртуелните часови и активности. |
| **3.2.3. Избор на задачи, активности и ресурси**<br><br>-Оперативни планови за час;<br><br>-Увид во наставни нагледни средства;<br><br>-Програми за дополнителна настава и додатна настава;<br><br>- Изработени постери од ученици на час изложени во кабинетите за настава;<br><br>-Излог од предмети изработени од страна на учениците. | **3.2.3. Избор на задачи, активности и ресурси**<br><br>Наставниците користат различни ресурси и приоди за реализација на наставата и тоа одобрени учебници од МОН, БРО и ЦСОО како и стручна литература, интернет страници (web страната на БРО и ЦСОО и други web страни поврзани со образованието), училишна библиотека, цртежи, слики, нагледни средства, материјал и алати за практична настава.<br><br>Изборот на задачи и активности наставниците ги планираат и тие се поврзани со работата на учениците на час и се во соогласност со предвидените цели во наставата.<br><br>Домашни работи со избор на задачи и активности со различно ниво на сложеност со кои учениците треба да ги применат своите знаења стекнати за време на часовите.<br><br>Дополнителна настава - избор на задачи со различно ниво на сложеност за учениците кои имаат потешкотии при совладувањето на материјалот;<br><br>Додатна настава - избор на задачи со повиско тежинско ниво, подготвителни задачи за натпревари, збирки и дополнителна |

| | |
|---|---|
| | стручна литература.<br><br>Проекти од учениците кои вклучуваат истражување, power point презентации и примена на ИКТ во наставата;<br><br>Активности за примена на знаењата на учениците при посета на компании за изведување на практична настава,учење преку работа кај работодавач, феријална практика на учениците. |
| **3.2.4. Приод на наставникот кон учениците**<br><br>-дневни планирања;<br><br>-записници од увид на часови. | **3.2.4. Приод на наставникот кон учениците**<br><br>Наставниците редовно ги споделуваат целите на наставата и очекуваните исходи од учењето со учениците. Поучувањето е јасно и разбирливо, соодветно на возраста и потенцијалите и воглавно одговара на предзнаењата на учениците. Поголем процент од наставниците наставата ја реализираат со различни интерактивни методи и најголем дел од ученици се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата. Се промовираат различни начини на учење и градење на доверба меѓу наставниците и учениците. Мал број од наставниците наставата ја реализираат со класични методи. Сите наставници се однесуваат кон учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање. Притоа, не прават разлика меѓу учениците според нивниот пол, социјалното потекло, етничката и религиската припадност. На часовите и во комуникацијата со учениците и меѓу учениците се стимулира почитување на рзличностите и поттикнување да не се користат полови, етнички, религиски и други стереотипи. |
| **3.2.5. Интеракција меѓу наставниците и учениците**<br><br>-Оперативни планови за час во кои се наведени целите на учењето, нагледни средства, наставни методи и очекувани резултати од учењето;<br><br>-Порфолио на наставниците во кој се следи наставниот процес од страна на директор и педагошко- | **3.2.5. Интеракција меѓу наставниците и учениците**<br><br>Наставниците применуваат различни форми на интеракција со учениците со што се поттикнуваат учениците активно да учествуваат во наставата и тоа:<br><br>- Запознавање на учениците со целите на учењето во текот на часот;<br><br>- Индивидуална работа;<br><br>- Работа во групи;<br><br>- Кооперативно учење и истражување;<br><br>- Резимирање на знаењата стекнати во текот на часот/ |

| | |
|---|---|
| психолошката служба. | очекувани резултати од учењето; |
| **3.2.6. Следење на наставниот процес**<br><br>-Годишна програма на училиштето;<br><br>-Годишна програма за работа на директор;<br><br>-Годишна програма за работа на педагог и психолог;<br><br>-Пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес;<br><br>-Листи за набљудување при реализација на час (портфолио за секој наставник);<br><br>-Записници од состаноци на стручни активи. | - Дискусии, дебати и реализација на проекти што се во насока на промовирање на учењето.<br><br>**3.2.6. Следење на наставниот процес**<br><br>Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес и тоа со:<br><br>- Увид во годишните планирања на наставата, тематските и дневните подготовки;<br><br>- Посета на часови (секој наставник е посетен најмалку два пати во годината од директорот и стручната служба);<br><br>- Листи за набљудување при реализација на час (портфолио за секој наставник);<br><br>- Соработка на наставниците со учениците и родителите;<br><br>Наодите од следењето на наставниците се користат за подобрување на наставниот процес преку:<br><br>- Стручна и методска помош во реализација на наставата (психолог, ментор, стручените активи);<br><br>- Отворени часови помеѓу колегите од стручните активи, консултации и сугестии за подобрување на наставата. |
| **3.2.7.Изведување на практична обука на учениците кај работодавачите**<br><br>-Листа на ученици кои изведуваат практична обука кај работодавачи;<br><br>-Листа на потпишани договори за изведување практична обука на учениците кај работодавачите;<br><br>-Листа на компании со | **3.2.7.Изведување на практична обука на учениците кај работодавачите**<br><br>Практичната настава за учениците со тригодишно образование се изведува во компании и во училишната работилница.<br><br>Учење преку работа кај работодавач го реализираат учениците од трета и четврта година по реформирано образование од втора, трета и четврта година по концептот на дуално образование. Со кои училиштето има склучено меморандуми и договори за реализација на практична обука. Учениците од прва, втора и трета година во летниот период изведуваат феријална пракса во траење од најмалку 10, 15 и 20 работни дена кај работодавач.<br><br>100% од наставниците, 94% од учениците и 68% од родителите |

| | |
|---|---|
| кои училиштето има воспоставени партнер-ски односи. | сметаат дека во наставата се користат разновидни форми и методи кои се соодветни на потребите на учениците;<br><br>91% од наставниците, 90% од учениците и 82% од родителите сметаат дека дел од наставните содржини се реализираат со примена на ИКТ во наставата;<br><br>88% од учениците, 91% од наставниците и 81% од родителите се изјасниле дека наставниците применуваат интерактивни методи (прашања, дискусии, работи во групи) кои поттикнуваат соработка помеѓу учениците;<br><br>88% од наставниците, 80% од учениците и 88% од родителите се изјасниле дека наставниците при усвојувањето на новите наставни содржини ги поттикнуваат учениците да ги користат веќе стекнатите знаења и вештини од соодветниот предмет и од други предмети;<br><br>100% од наставниците, 54% од учениците и 100% од родителите сметаат дека наставниците задаваат домашни работи кои се поврзани со активностите и наученото за време на часовите;<br><br>92% од наставниците, 66% од учениците и 88% од родителите сметаат дека се користат различни материјали (учебници, збирки, речници, интернет) во наставата за мотивирање на учениците да учат и побудување на интерес кон темите што се изучуваат;<br><br>100% од наставниците, 95% од ученицие и 60% од родителите се изјасниле дека учениците се поттикнуваат за активно учество во наставниот процес;<br><br>100% од наставниците и 66% од учениците сметаат дека на часот се даваат јасни инструкции и упатства за работа, учењето е активно, динамичн и има работна атмосфера;<br><br>100% од наставниците, 90% од учениците и 67% од родителите сметаат дека наставниците се однесуваат кон учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање;<br><br>90% од наставниците се изјаснија дека училиштето има пропишани интерактивни процедури за следење на наставниот процес и секој наставник се посетува најмалку два пати во полугодие од страна на директорот или стручната служба. 100% од наставниците сметаат дека наодите од следењето на наставниот процес се користат за подобрување на наставниот процес. |

| | |
|---|---|
| **3.3.1. Средина на учење**<br><br>**-**Во училиштето на видно место се поставени проекти пофалници и награди освоени од учениците кои го промовирале училиштето;<br><br>-Училишно пано (слики, цртежи, експонати) изработени од учениците за време на часовите.<br><br><br>**3.3.2. Атмосфера за учење**<br><br>-Педагошко-психолошка служба;<br><br>-Планирања на наставата од страна на наставниците;<br><br>-Програми за дополнителна и додатна настава;<br><br>-Проекти во кои се вклучени наставниците и учениците;<br><br>-Записници од училишна заедница.<br><br><br>**3.3.3. Поттикнување на учениците за преземање на одговорност** | **3.3.1 Средина на учење**<br><br>-Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна средина за учење;<br><br>-Учениците се охрабруваат активно да учествуваат во проекти и нивните трудови и презентации се изложуваат на соодветни места во училниците и во училиштето и тие влијаат мотивирачки, а се користат согласно со целите на наставата;<br><br>- Во училиштето на видно место се поставени проекти, пофалници и награди освоени од учениците кои го промовирале училиштето;<br><br>- Училишно пано (слики, цртежи, експонати) изработени од учениците за време на часовите;<br><br>- Учениците имат пристап до различни материјали за учење.<br><br><br>**3.3.2. Атмосфера за учење**<br><br>Учениците се охрабруваат самостојно да размислуваат и активно да се вклучуваат во учењето и наставата преку:<br><br>- Кооперативно учење, работа во групи и парови, активирање на пасивни ученици, пофалби, набљудување и модифицирање на наставата;<br><br>- Организирање на додатна настава за надарени ученици и нивно охрабрување за учество на натпревари;<br><br>- Организирање на дополнителна настава за ученици со понизок квантум на знаења и мотивирање на истите;<br><br>- Учество во проекти во кои се вклучени наставниците и учениците.<br><br>Наставниците со употреба на повеќе приоди настојуваат да ги поттикнат учениците да се вклучат активно во наставата, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Притоа, постои атмосфера на меѓусебна почит и соработка меѓу наставникот и учениците и меѓу самите ученици<br><br><br>**3.3.3. Поттикнување на учениците за преземање на одговорност**<br><br>- Учениците се охрабруваат да преземаат лична одговорност, |

| | |
|---|---|
| -Промовирање на училиштето со учество на регионални и државни натпревари и освоени награди и пофалници;<br><br>-Активности на училишната заедница;<br><br>-Промовирање на училиштето на отворените денови организирани за учениците од основните училишта;<br><br>-Модни ревии. | самостојно да размислуваат и активно да се вклучуваат во активности во и вон наставата;<br><br>- Мислењето на учениците сериозно се зема предвид при решавањето проблеми и при одлучувањето;<br><br>- Учество на општински и државни натпревари;<br><br>- Учество на спортски натпревари;<br><br>- Учество во модни ревии;<br><br>- Учество во Еко проектот, МАСУМ;<br><br>- Учество на промовирање на училиштето на отворените денови организирани за учениците од основните училишта;<br><br>- Учество на промовирање на училиштето со модна ревија, изработки на Штип Фешан Дејс, креативни денови и слично. |
| **3.3.4. Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето**<br><br>-Спортски натпревари по класови во рамките на училиштето;<br><br>-Проекти од хуманитарен карактер;<br><br>-Проект Школска медијација со цел подигање на свеста за комуникација, ненасилно разрешување на конфликти меѓу младите;<br><br>-Соработка со невладина организација Младински иницијативи со порака младите против | **3.3.4. Интеракција на учениците меѓусебе и со возрасните во училиштето**<br><br>Училиштето, освен воспитно-образовна, има и социјална функција, која успешно ја остварува. Учениците сметаат дека училиштето, низ организирани форми поттикнува, мотивира и остварува соработка меѓу учениците и возрасните во училиштето.<br><br>- Организација и учество на спортски натпревари по класови во рамките на училиштето;<br><br>- Организација и учество на проекти од хуманитарен карактер;<br><br>- Учество на проекти со цел подигање на свеста за комуникација и ненасилно разрешување на конфликти меѓу младите;<br><br>- Учество во проекти со порака младите против дискриминацијата;<br><br>-Учество во модни ревии;<br><br>- Учество во кампањи и едукативни работилници за сексуално преносливи болести;<br><br>- Учество работилници и обуки со Здружение на мултиетничко оптштетство за човекови права. |

| | |
|---|---|
| дискриминацијата;<br><br>**3.3.5. Учење во реални работни услови кај работодавач**<br><br>- Договори со компании за изведување на практичка настава, учење преку работа и феријална практика | **3.3.5. Учење во реални работни услови кај работодавач**<br><br>- Училиштето на сите ученици им обезбедува реализација на практичната обука, учење преку работа кај работодавач и феријална практика во реални работни услови кај работодавач, во зависност од годината на изучување. |
| **3.4.1 Детектирање на образовните потреби на учениците**<br><br>-Наставнички совети;<br><br>-Анкетен прашалник за ученици;<br><br>-Родителски средби;<br><br>-Разговори со наставници;<br><br>-Разговори со родители.<br><br>**3.4.2. Почитување на различните потреби на учениците**<br><br>- Анкетен прашалник за ученици;<br><br>- Разговор со наставници;<br><br>- Разговори со родители;<br><br>- Разговори со ученици. | **3.4.1. Детектирање на образовните потреби на учениците**<br><br>Повеќето од наставниците и стручната служба навремено ги идентификува сите пречки (немање работна атмосфера, немање на учебници по одредени поредмети, несоодветна проверка на знаењето, неразбирливо предавање) и презема активности за нивно отстранување.<br><br>**3.4.2. Почитување на различните потреби на учениците**<br><br>Во разговорите на наставниците како дел од активностите кои се преземаат се наведени дополнителна настава, разговори со ученици, трпеливост при одговорите на послабите ученици, примена на различни техники за да ги моривираат учениците и да го постигнат својот максимум. Во самиот процес на подучување и при оценување на учениците, наставниците користат повеќе техники со единствена цел: на учениците да им се даде можност за полесно и поуспешно совладување на наставниот материјал и воедно да се мотивираат да го постигнат својот максимум. Наставниот кадар и стручната служба систематски ги препознаваат образовните потреби и пречките во процесот на учење на секој ученик. Се преземаат активности за исполнување на потребите и отстранување на пречките на секој ученик. Сите наставници имаат изработено ИОП за ученици со посебни образовни потреби. |

| | |
|---|---|
| | 90% од учениците ја доживуваат училницата како стимулирачка и мотивирачка средина која поттикнува интерес за учење;<br><br>100% од учениците и 92% од родителите сметаат дека изработените трудови од страна на учениците се изложуваат на видно и соодветно место во училница или во училиштето;<br><br>100%од учениците сметаат дека најголем број од наставниците ги охрабруваат самостојно да мислат и да изведуваат заклучоци за она што го учат;<br><br>92% од родителите сметаат дека наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат и да изведуваат заклучоци;<br><br>90% од учениците, голем дел од активностите во училиштето ги сметаат за интересни и пријатни;<br><br>74% од родителите сметаат дека наставниците го поттикнуваат нивното дете да созрева, да биде самостојно и одговорно;<br><br>80% од учениците сметаат дека во училиштето постои демократија, се бара нивното мислење и зема во предвид при решавањето на проблемите и одлучувањето;<br><br>67% од наставнците се изјасниле дека заеднички со учениците работат на проект во и надвор од училиштето;<br><br>95% од учениците се изјасниле позитивно за задничката работа на учениците наставниците, а 87% од родителите се изјасниле позитивно по ова прашање;<br><br>84% од наставниците сметаат дека училиштето навремено ги идентификува сите пречки (немање работна атмосфера, немање на учебници, несоодветна проверка на знаењето, неразбирливо предавање) и презема активности за нивно отстранување;<br><br>81% од учениците се изјасниле дека училиштето навремено ги идентификува овие пречки, а 33 % од родителите сметаат дека училиштето делумно ги идентификува ваквите пречки. |
| **3.5 Оценувањето како дел од наставата**<br><br>-Записници од наставнички совет;<br><br>-Анкета со | **3.5.1. Училишна политика за оценување**<br><br>Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Училиштето има дефинирана политика за оценувањето, во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. Училиштето има критериуми за оценување по најголемиот дел од предметите кои се усогласени во рамките на активите. |

| | |
|---|---|
| наставниците;<br><br>-Анкета на учениците;<br><br>-Критериуми и стандарди за оценување дефинирани од БРО;<br><br>-Увид во педагошката евиденција и документација, дневници;<br><br>-Статистики за постигнатиот успех и поведение на крајот од првото полугодие и на учебната година;<br><br>-Резултати од завршен испит/ матура. | - Наставниците ги информираат учениците за начинот на работа и критериумите за оценување на почетокот од учебната година;<br><br>- Оценувањето е континуирано, јавно и оценката е образложена на секој ученик со факти и сугестии како ученикот да го подобри својот успех;<br><br>- Наставниците се стремат кон усогласување на критериумите за оценувањето на квантумот знаења на учениците почитувајќи ги критериумите и стандардите за оценување на БРО и ЦСОО.<br><br>**3.5.2. Методи и форми на оценување**<br><br>Наставниците користат различни форми и методи за оценување со цел учениците да го постигнат својот максимум:<br><br>- Усни одговори**,** наставни ливчиња, листи за аналитичко оценување и самооценување, чек листи, стандардизирани тестови и писмени работи (со повеќе тежински нивоа)**,** домашни работи**,** изработка на проекти**,** активност и ангажираност во текот на часот;<br><br>- При следењето на напредувањето на ученици со пречки во развојот се следи индивидуалниот образовен план, диференцираните цели, нивното постигнување и ученикот се оценува соодветно на постигнувањата. Сите наставници изготвуваaат ИОП и според кој ги оценуваат постигањата на учениците со пречки во развојот.<br><br>**3.5.3. Користење на информациите од оценувањето во наставата**<br><br>Наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето за:<br><br>- Евалуација и подобрување на планирањето и спроведувањето на наставата;<br><br>- Дефинирање на идни активности што ќе ги применуваат при реализација на наставата;<br><br>- Наставниците целосно ги искористуваат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и модифицираат планирањето и спроведувањето на наставата со единствена цел - Зголемување на кванутумот на знаење кај учениците и подобрување на нивниот успех.<br><br>74% од учениците се изјасниле дека знаењата стекнати во текот на часот им овозможуваат да одговорат на барањата на наставниците (домашни работи, усни одговори, писмени работи, |

| | |
|---|---|
| | истражувања и проекти);<br><br>100% од наставниците се изјасниле дека користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат напредокот на учениците во учењето;<br><br>92% од родителите се изјасниле дека наставниците користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат напредокот на учениците во учењето, а 74% од учениците се изјасниле позитивно по ова прашање. |
| **3.6. Известување за напредокот на учениците**<br><br>-Увид во педагошка евиденција и документација;<br><br>-Евиденција на наставниците за остварени средби со родители;<br><br>-Записници од родителски средби;<br><br>-Електронски дневник. | **3.6.1. Известување на родителите за напредокот на учениците**<br><br>Училиштето има утврден однос за известување на родителите за напредокот на учениците и тоа:<br><br>- конкретна повратна иформација за оценката на ученикот;<br><br>- препораки за подобрување на постигањата и успехот на ученикот;<br><br>- препораки за посетување на дополнителна настава за учениците кои имаат потешкотии при совладување на материјалот;<br><br>- распоред со приемни денови за сите наставници во училиштето;<br><br>- редовни родителски средби;<br><br>- родителите даваат повратна информација по извештајот, по што се преземаат соодветни активности за подобрување на постигањата и напредокот на нивните деца;<br><br>- известување на родителите за успехот и поведението на нивното дете со евидентни листови;<br><br>- наставниците редовно го ажурираат електронскиот дневник но не сите родители имаат пристап до електронскиот дневник;<br><br>- педагошко-психолошка служба која е подготвена во секој момент за соработка како со родителите, така и со учениците;<br><br>100% од наставниците, 74% од учениците и 81% од родителите се изјасниле дека им даваат повратна информација на учениците за нивната работа, напредок и постигнувања;<br><br>100% од наставниците ги користат информациите од оценувањето за до го евалуираат и подобрат планирањето и |

| | |
|---|---|
| | спроведувањето на наставата. |

**Подрачје 3: Учење и настава**

| **Собирање на податоци** | | |
|---|---|---|
| **Методи користени за собирање на податоци** | **Училишен тим** | **Собрани информации** |
| Анкетен лист за ученици во однос на оценувањето на учениците | | **Знаењата стекнати во текот на часот им овозможуваат на учениците да одговорат на барањата на наставниците (домашни работи, усни одговори, писмени работи, истажувања и проекти).**<br>74% од учениците се изјасниле дека знаењата стекнати во текот на часот им овозможуваат да одговорат на барањата на наставниците (домашни работи, усни одговори, писмени работи, истражувања и проекти);<br>20% од учениците се изјасниле дека знаењата стекнати во текот на часот делумно им овозможуваат да одговорат на барањата на наставниците;<br>6% од учениците негативно се изјасниле во однос на ова прашање. |

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td>

<br><br>
Наставниците користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат напредокот на учениците во учењето.
<br><br>
74% од учениците се изјасниле дека наставниците користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат напредокот на учениците во учењето;
<br><br>
26% делумно се согласуват по ова прашање.</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | <br>**Во текот на наставниот процес наставниците им даваат повратна информација на учениците за нивната работа, напредок и постигнувања.**<br><br>74% од учениците се изјасниле дека наставниците им даваат повратна информација на учениците за нивната работа, напредок и постигнувања;<br><br>26% делумно се согласуваат. |

| | | |
|---|---|---|
| | |  |

**Подрачје 3: Учење и настава**

| **Резултати** |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br>• Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот, стручната служба и/или лица назначени од стручните органи;<br>• Училиштето им обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од интегрираното образование и еколошките содржини во планирањата на наставниците;<br>• Училиштето остварува соработка со ресурсните центри и други релевантни институции и обезбедува поддршка за изработка на ИОП;<br>• Сите наставници ја планираат редовната, додатната и дополнителната настава, како и вонаставните активности;<br>• Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се јасно утврдени во планирањата, а наставничкиот кадар ги користи информациите од оценувањето за да ги детектира потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето;<br>• Активностите на наставниците и на учениците се планирани ефективно да се |

искористи времето од часот што ќе придонесе кон постигање на очекуваните резултати;
    - Изработените трудови од страна на учениците се изложуваат на видно и соодветно место во училница или во училиштето;
    - Во училиштето се учат работи кои се применливи и корисни во секојдневниот живот.
    - Најголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат;
    - При решавањето на проблеми и одлучување секогаш наставникот го зема во предвид мислењето на учениците;
- Доколку наставникот забележи пречки во учењето навремено презема мерки за нивно отстранување;
    - Наставниците имаат посебен начин на работа доколку некој ученик има посебни потреби или потешкотии во учењето;
    - Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата;
    - Одличната педагошка и образовна подготвеност на наставаниот кадар;
    - Навремено изработување и доставување на годишни и тематски планови и разни извештаи;
    - Наставници отворени за усовршување и унапредување на наставата;
    - Перманентно усовршување на наставниците преку учество на семинари и проекти;
    - Наставниците користат различни форми и методи во реализирање на наставните содржини;
    - Редовна формална и неформална меѓусебна соработка за надминување на проблемите во и околу наставата и наставниот процес;
    - Користење на различни методи и форми за оценување на постигањата на учениците;
    - Родителите ги добиваат потребните и соодветни информации за постигањата на нивните деца преку задолжителните родителски и индивидуални консултативни средби со класните раководители и предметните наставници;
    - Стекнатите знаења учениците ги применуваат во пракса;
    - Професионален однос кон учениците и родителите;

**Слабости**

- Отсуство на учениците од настава;
- Родители кој не го зборуваат македонскиот јазик;
- Недостаток од училишен простор за организација на кабинетска настава;
- Навозможност за организирање на дополнителна настава по завршувањето на наставата поради голем процент на ученици кои се зависни од бесплатен превоз, а наставата им завршува со седми час;
- Немање учебници по повеќето стручни и посебно стручни предмети и на помал број општо образовни предмети;
- Недостиг на соодветна (нова) стручна литература по најголем број на предмети;
- Мал квантум на претходни знаења на поголем дел од учениците;

- Мала посетеност на родителските состаноци;
- Недоволна заинтересираност и посетеност од страна на родителите.

**Подрачје 3: Учење и настава**

**Анализа на резултатите**

**(Подетална евалуација на подрачјето Учење и настава)**

**3.1. Планирање на наставниците**

Наставниот кадар во текот на целата учебна година изработува квалитетни планирања, кои ги исполнуваат пропишаните стандарди од БРО и ЦССО и истите континуирано се коригираат во однос на препораките дадени од советниците и инспекторите. Дневните подготовки наставниците ги изработуваат во текот на учебната година. Стручната служба преку применување договорена интерна процедура за следење на планирањето на наставниците ја проверува навременоста на испраќањето на планирањата и начинот на изработка и истите ги чува во посебни досиеја за секој наставник одделно. Во планирањата се имплементираат теоретските достигнувања од науката и наставата, сознанијата стекнати при посета на семинари, како и практичните совети и искуствата стекнати при размена на информации со колегите со цел да се достигнат стандардите на модерната настава и задоволување на образовните потреби на учениците. Генерално земено, секогаш е потребно да се внесуваат нови методи и техники, кои се очекува да придонесат за поголема мотивираност и интерактивност на учениците во наставата за да се подобри учењето и за стекнување на трајни знаења и вештини. Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се јасно утврдени во планирањето, а наставниот кадар ги користи информациите од оценувањето за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето. Планирањата на наставниците ги следи директорот, педагошката служба, советниците од Бирото за развој на образование, центарот за стручно оразование и обука и инспекторите од Министерството за образование и наука.

**3.2. Наставен процес**

За реализирање на наставата, наставниците користат разновидни и современи наставни методи и форми на работа кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Согласно со препораките од БРО за достигнување на нивото и стандардите на модерната настава, сè повеќе наставниците користат интерактивна настава со примена на ИКТ. Поучувањето е соодветно на возраста и нивото на образование на учениците. Се користат различни методи на интеракција со учениците, што се во насока на промовирање на учењето и градење на довербата меѓу наставниците и учениците. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и нивниот придонес се цени. Наставниците редовно ги споделуваат со учениците целите на наставата и очекуваните исходи од учењето и тие им се јасни на сите ученици во секоја фаза на учењето. Наставниците користат различни приоди на интеракција со учениците во насока на промовирање на потребата од учење и зголемување на нивната мотивација за учење, како и градење доверба и заемно почитување меѓу наставниците и учениците.

### 3.3. Искуства на учениците од учењето

Најголем дел од наставниците ја почитуваат личноста на ученикот и не прават разлика меѓу учениците според нивниот пол, социјалното потекло, етничката и религиска припадност и забрануваат таквите стереотипи да ги користат учениците. Во училиштето постои стимулирачка и поттикнувачка средина. Учениците позитивно се изјаснуваат во однос на средината и атмосферата за учење, сметаат дека наставниците ги охрабруваат да преземат лична одговорност, самостојно да размислуваат и активно да се вклучат во наставата. Голем дел од учениците сметаат дека наставниците се отворени за соработка и дека меѓу нив постои почитување во и надвор од наставата. Трудовите на учениците транспарентно се изложуваат во училниците, ходниците. Повеќе манифестации карактеристични за училиштето: патрониот празник на училиштето, крводарителски акции, хуманитарни акции, модни ревии, еднодневни екскурзии, настапи на саеми базари. Учениците покажуваат голем интерес заеднички да работат на различни проекти и притоа интеракцијата се одвива во и надвор од наставата во групи на ученици со различен религиски, етнички и социјален состав.

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручната служба систематски ги препознаваат образовните потреби и пречките во процесот на учење на секој ученик. Учениците се следат континуирано и тие добиваат задачи и активности во согласност со нивните потреби и способности за совладување на наставните програми. За своите образовни потреби, учениците разговараат со класниот раководител и во рамките на училишната заедница наставниците разговараат на класните совети, на наставничките совети и на совет на родители. За поефикасно решавање на проблемите со учењето на учениците редовно се водат индивидуални и групни разговори и советувања со родителите од страна на класните раководители и стручната служба.

### 3.5. Оценување како дел од наставата

Оценувањето е праведно, транспарентно и речиси секогаш проследено со образложение и дискусија од страна на наставникот и учениците, која пак во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања. Анкетите за учениците покажуваат дека учениците се задоволни од методите и техниките што ги применуваат наставниците во процесот на оценувањето- дека се земаат предвид индивидуалните способности на учениците. Наставниците ги користат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето на наставата, но и редовно даваат повратна информација на учениците за тековните постигнувања.

### 3.6. Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно ги применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за напредокот и постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно. Редовно се организираат родителски средби и по потреба, индивидуални средби со родителите. Средби со

| |
|---|
| родителите на деца кои постигнуваат слаби резултати се нередовни и/или недисциплинирани ги одржува психологот во СОУ „Димитар Мирасчиев“- Штип притоа врши советодавна работа, упатувајќи ги родителите на постапки за решавање на проблемите. Од спроведените анкети, голем дел од родителите сметаат дека се навремено информирани за однесувањето, напредокот или назадувањето на нивното дете. На овие средби, освен за успехот и поведението, се обрнува внимание и за избегнувањето на негативните влијанија и појави во општеството, негување на позитивните карактеристики на личноста во нивното формирање како индивидуи. |
| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**<br>• Барања до МОН за исполнување на обврските за издавање на бесплатни учебници по сите предмети за кој нема учебници;<br>• Организирање на бесплатен превоз за учениците согласно распоредот на часови;<br>• Да се најде соодветно решение за надминување на отсуствата од настава на ученици;<br>• Доследна примена на стандардите и критериумите за оценување;<br>• Стручно усовршување на наставниот кадар;<br>• Поефикасно планирање и реализирање на наставата преку соработка на наставниците на ниво на активи и со ЦСОО;<br>• Соработка со родители, воспитно образовни и др. институции за подобрување на воспитнообразовната компонента на учениците и ученичкиот живот;<br>• Поголем процент на примена на интерактивни методи и ИКТ во наставата со цел да се подобри средината на учење која учениците треба да ја доживуваат како мотивирачка средина, а начинот на кој се учи интересен;<br>• Анимирање на учениците за продлабочување на знаењата преку истражувања и проекти;<br>• Примена на МИО содржини во наставата. |

**Подрачје 4: Поддршка на учениците**

| **Поддршка на учениците** |
|---|
| **Оддели во рамките на подрачјето:**<br>➢ Севкупна грижа за учениците<br>➢ Здравјето и постконфликтните трауми<br>➢ Советодавна помош на учениците<br>➢ Следење на напредокот |

**Подрачје 4: Поддршка на учениците**

**4.1.Севкупна грижа за учениците**

| **Собирање на податоци** | |
|---|---|
| **Прегледани документи** | **Собрани информации** |
| - **Увид во просторни капацитети на училиштето** | - 67,6% од родителите сметаат дека училштето ги поддржува учениците во воннаставни активности. Училишниот простор е безбеден за извршување на наставниот процес.   |
| - **Протоколи за постапување и елиминирање на ризици**<br>- **Прирачник за заштита при елементарни непогоди** | - Во училиштето на секој спрат има апарати за противпожарна заштита кои се поставени согласно законот.<br>- Има донесено правилник за заштита од пожари и експлозии.<br>- Процена за загрозеност за можни опасности и план за заштита и спасување од проценети опасности.<br>- Елаборати |
| - **Статут на училиштето** | - Во Статутот на училиштето е нагласено дека сите облици на насилство (психичко и физичко) од страна на учениците најстрого се казнува со соодветни педагошки мерки. |
| - **Програма за работа на стручни служби** | - Стручната служба заедно со класниот раководител или други наставници се должни да ги известат надлежните институции доколку |

| | |
|---|---|
| | забележат било какви манифестации на насилство и злоупотрба кај учениците.<br>- Доколку се јават проблеми со жртви на насилство и нивните родители/старатели во училиштето постојат услови за навремена реакција и решавање на проблемите преку комуникација со Центарот за социјална работа и односот наставник-родител-ученик-педагошка служба. |
| - **Разговор со наставниот кадар и учениците** | - Храната која им е на располагање на учениците не е во надлежност на училиштето, училиштето нема увид во нејзината микробиолошка и хигиенска исправност.<br>- Училиштето води политика на забрана за пушењето, конзумирање на алкохол и дистрибуција на дрога и останати наркотични средства. Во училиштето, дворот, канцелариите, тоалетите и останатите простории најстрого се забранува пушењето. |
| - **Податоци за организирани трибини во училиштето и надвор од него** | - Училиштето како институција е во соработка со локалната самоуправа, како и со СВР-Штип, Црвен крст, Центар за социјална заштита при што се организираат различни работилници, предавање и едукативни семинари на учениците на кои им се презентирани опасностите од пушењето, алкохолот, дрогата, врсничко насилство.<br>- Училиштето како воспитно образовна институција, не е во можност да се справи со овие појави кај учениците после завршувањето на наставниот процес. |
| - **Потврди од центарот за социјални работи**<br>- **Техничка служба во училиштето (психологот).** | - Доколку се утврди дека ученикот потекнува од социјално загрозени семејства, во тој случај училиштето стапува во контакт со центарот за социјални работи и е во постојана комуникација со нив. |
| - **Увид во инфраструктурните капацитети и просторни капацитети на училиштето** | - Училиштето нема механизам за вклучување на учениците со телесни пречки во наставниот прочес. Пристапот во училиштето не е приспособен за потребите на лицата со |

| | |
|---|---|
| | телесни пречки. Во ходниците и училниците не е овозможено нивно самостојно движење. |

**Подрачје 4: Поддршка на учениците**

| **Собирање на информации** | | |
|---|---|---|
| **Методи користени за собирање на податоци** | **Училишен тим** | **Собрани информации** |
| Прашалник за наставници | Извршена е анкета со 12 наставници и добиени се следниве резултати | Наставниците сметаат дека учениците се сигурни и безбедни во училиштето, училиштето е место кадешто се поттикнува взаемно почитување, толеранција, соработка и грижа за другите. Наставниците сметаат дека во училиштето се оддржува мотивираност на младата генерација кон својата околина, семејство и пријатели. Тие се секогаш отворени за соработка, ги поттикнуваат и развиваат специфичните и општите способности кај учениците, го негуваат чувството на толеранција и припадност, ги наградуваат и пофалуваат позитивните постапки, постигнувањата и успесите на учениците. |
| Прашалник за родители | За анализа направена е анкета со 20 родители и се добиени следниве резултати | Родителите сметаат дека нивните деца се безбедни и сигурни во училиштето и доколку им е потребна помош знаат каде да се обратат. Училиштето и наставниците одговорно и професионално ја вршат својата функција, се грижат за учениците, нивната безбедност, правилно ги насочуваат и го поттикнуваат нивниот личен и професионален развој. |

| | | |
|---|---|---|
| Прашалник за ученици | За анлиза направена е анкета со 30 ученици и се добиени следниве резултати | Учениците сметаат дека се заштитени и безбедни во училиштето, а во случаи кога е загрозена нивната безбедност, знаат каде да се обратат.Според нив, наставниците се подготвени за разговори, соработка и ги поттикнуваат и развиваат интересите и афинитетите на учениците. Треба да се подобри интеракцијата и креативноста на часовите и да се работи на зголемување на доверба во сопственото знаење и способности на учениците, како и интересот за воннаставни активности. |

**Подрачје 4: Поддршка на учениците**

| **Резултати** |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br>• Се превенира и најстрого се казнува секаков вид на психичко и физичко насилство. Се забранува пушење и употреба на алкохол и наркотични средства во училиштето и училишниот двор.<br>• Постои континуирана едукација на учениците за штетното дејство на пушењето, алкохолот и дрогата. |
| **Слабости**<br>• Храната која што е на располагање на учениците е со неконтролиран квалитет.<br>• Недоволна кадровска екипираност за грижа за учениците од социјално загрозени семејства, особено што нивниот број се повеќе се зголемува.<br>• Пристапот во училиштето не е приспособен за потребите на лицата со телесни пречки. |

**Подрачје 4: Поддршка на учениците**

| **Анализа на резултатите**<br>**(Подетална евалуација на подрачјето Поддршка на учениците)** |
|---|
| - Потребно е вработување на педагог и социјален работник во стручната служба на училиштето, но за тоа е потребно одобрение од МОН. |

| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето** |
|---|
| - Да се испрати барање до МОН за доекипирање на педагошката служба. |

**4.2. Здравје**

| **Собирање на податоци** | |
|---|---|
| **Прегледани документи** | **Собрани информации** |
| - **Годишна програма за работа на училиштето** | - Учениците се едуцираат преку предавања како и на кој начин да се заштитат од одредени заболувања. |
| - **Увид во училишен простор** | - Задоволителна е хигиената во ученичките и наставничките тоалети. Хигиената во училниците и ходниците е добра. Меѓутоа мора да се истакне дека во делот кај спортската сала нема доволно тоалети за учениците. Овде се подразбира дека ист санитарен јазол користат и машките и женските ученици.<br>- Во училиштето се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација од страна на стручни лица во текот на учебната година. |
| - **Увид во педагошка евиденција и документација** | - Доколку се случи отсуство на некој ученик поради долготрајна болест која бара болничко лекување во таква ситуација класниот раководител заедно со училишниот психолог предлагаат начин како овој ученик да го заврши образованието. (ученикот се упатува на испит на годината).<br>- Училиштето соработува со установи кои пружат психолошки и здравствени услуги на учениците. На тоа прашање 68,6% од родителите одговориле со секогаш, 10,3% со ретко. |

| | |
|---|---|
| |   |
| - **Правилник за организација и спроведување на систематски преглед** | - Предвидени се задолжителни систематски прегледи на учениците од прва и четврта година. |
| - **Правилник за организација и спроведување на вонредни испити** | - На младите бремени ученички им се овозможува вонредно дошколување со цел да го заокружат образованието. |

**Подрачје 4: Поддршка на учениците**

| **Резултати** |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br><br>**-** Се поттикнуваат младите мајки да го оформат средното образование преку вонредно школување.<br><br>- Се организираат интерни предавања за заштита од различни типови заболувања.<br><br>- Дезинфекција, дезинсекција и дреатизација од стручни служби во текот на учебната година, а не само на почетокот. |
| **Слабости**<br><br>- На делот кај спортската сала нема доволно тоалети за учениците. Овде се подразбира дека ист санитарен јазол користат и машките и женските ученици. |

**Подрачје 4: Поддршка на учениците**

| **Анализа на резултатите**<br><br>**(Подетална евалуација на подрачјето Поддршка на учениците)** |
|---|

| |
|---|
| - Соработка со стручни лица за континуирана дезинфекција, дезинсекција и дератизација во училишната зграда. |
| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**<br>- Дезинсекција, дезинфекција и дератизација во училишната зграда на секои шест месеци. |

**Подрачје 4: Поддршка на учениците**

**4.3.Советодавна помош за понатамошно образование на учениците**

| **Собирање на податоци** | |
|---|---|
| **Прегледани документи** | **Собрани информации** |
| - **Записници од родителски средби** | - Предметните наставници по предметот македонски јазик и литература вршат обука на сите заинтересирани ученици околу изготвување на кратка биографија, симулација на интервју за работа и подобрување на говорните способности при јавно говорење. Практичната настава која се изведува според предвидените наставни програми е на високо ниво, со што учениците се оспособуваат за работа веднаш по завршувањето на образованието. |
| - **Записници од индивидуални разговори со родителите и учениците** | - Постои соработка помеѓу училиштето и агенцијата за вработување со што би биле во можност да продуцираме кадри според пазарот на трудот.<br>- Постои соработка со компаниите во кои се изведува практична настава и по завршувањето на училиштето учениците имаат можност да работат во некоја од компаниите со кои е склучено меморандум за соработка. |
| - **Разговор со училишен психолог** | - Помош на учениците за професионална ориентација им се пружа преку советниците за кариера интегрирано во слободните часови за учениците. |
| - **Информации подготвени од** | - Наставниците и стручната служба водат грижа |

| | |
|---|---|
| стручна служба | за навремено откривање на учениците со емоционални проблеми.<br>- Во училиштето недостига училишен педагог како/социјален работник/дефектолог кои ќе бидат целосно на располагање за потребите на учениците. |
| - **Презентации на високообразовните институции** | - Високообразовните институции постојано вршат презентации на учениците од четврта година со цел да ги информираат и насочат за понатамошното образование. |

**Подрачје 4: Поддршка на учениците**

| **Резултати** |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br>- Се врши подготовка на учениците за барање на работа по завршувањето на средното образование. |
| **Слабости**<br>- Во училиштето нема педагог кој би пружил помош на учениците во воспитно образовниот процес.<br>- Недоволна екипираност на стручната служба (дефектолог, социјален работник и ...) |

**Подрачје 4: Поддршка на учениците**

| **Анализа на резултатите**<br>**(Подетална евалуација на подрачјето Поддршка на учениците)** |
|---|
| **-** Доекипирање на стручната служба за што е потребно одобрение од МОН. |
| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**<br>- Да се поведе постапка за доекипирање на стручната служба со педагог и социјален работник. |

**Подрачје 4: Поддршка на учениците**

**4.4. Следење на напредокот**

| Собирање на податоци | |
|---|---|
| **Прегледани документи** | **Собрани информации** |
| - **Извештаи од класни раководители**<br>- **Интервју со психолог** | - Најголем дел од наставниците водат уредна документација за постигањата, редовноста и поведението за секој ученик. Со ваква континуирана евиденција секој наставник е во состојба да ги потенцира позитивните, но и негативните страни на ученикот.<br>- Помеѓу наставниците, класните раководители и стручната служба во училиштето постои ефективна соработка. |
| - **Разгледување на педагошка евиденција**<br>- **Извештаии за успехот на пралелката п тримесечије**<br>- **Увид во електронскиот дневник и главна книга за работа на паралелките**<br>- **Евиденција на новодојдени и спишани ученици.** | - Класните раководители подготвуваат редовни извештаи и анализи и тоа по тромесечија, за напредокот и постигнувањата на учениците. Овие извештаи се достапни на педагошката служба, на родителите и останатите наставници;<br>- Постојано се води евиденција и се врши навремено известување за испишани и новодојдени ученици. |

**Подрачје 4: Поддршка на учениците**

| **Резултати** |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br>- Се учествува на општински и државни натпревари со што се истакнува работата на талентираните ученици.<br>- Се води уредна документација за напредокот на учениците.<br>- Постои координираност помеѓу класните раководители, педагошка служба и директорот во континуирано следење на учениците со проблеми во учењето. |
| **Слабости**<br>- Неекипираност на педагошката служба. |

**Подрачје 4:  Поддршка на учениците**

| Анализа на резултатите<br><br>(Подетална евалуација на подрачјето Поддршка на учениците) |
|---|
| - Доекипирање на педагошката служба за што е потребно одобрение од МОН. |
| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**<br><br>- Да се поведе постапка за доекипирање на стручната служба со педагог и социјален работник. |

**Подрачје 5: Училишна клима**

| Училишна клима |
|---|
| **Оддели во рамките на подрачјето:**<br>➢ **Училишна клима и односи во училиштето;**<br>➢ **Промовирање на постигањата;**<br>➢ **Еднаквост и правичност;**<br>➢ **Соработка со родителите и локалната заедница.** |

**Подрачје 5: Училишна клима**

**5.1 Училишна клима и односи во училиштето**

| Собирање податоци | |
|---|---|
| **Прегледани документи** | **Собрани информации** |
| • Годишен извештај на училиштето<br>• Годишна програма на училиштето<br>• Кодекс на однесување на наставниците и учениците<br>• Анкети на | Училиштето е пропознатливо по вискостручниот и професионален наставен кадар кој што работи квалитетно, професионално, во современи услови, користејќи современи методи, техники и нагледни средства со голема мотивација и ентузијазам со цел своето знаење несебично да го пренесат од генерација на генерација.<br>Училиштето е посветено на остварување на визијата и мисијата, се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот, ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, |

| | |
|---|---|
| наставници, ученици и родители<br>• Пофалби, награди и признанија<br>• Статистички извештаи<br>• Правилник за изрекување педагошки мерки<br>• Записници од Наставничкиот совет, Е дневник, професионално и педагошко досие на наставниците | се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него.<br>Училиштето има Кодекс на однесување во кој се поставени принципите и правилата на однесување на учениците и наставниците. Во изготвувањето на Кодексот подеднакво учествуваат сите структури во училиштето, како и родителите. Изготвен е и правилник за изрекување на педагошки мерки.<br>Училиштето води политика на заемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Постои работна атмосфера за време на часовите и вонанставните активности. Во училиштето заемното почитување и соработка меѓу наставниците е солидно. Ова може да се види од нивната заедничка извршена работа (годишни и тематски планирања, заеднички изготвени тестови, договор за избор на учебници по кои ќе се реализираат наставните планови и програми).<br>Заемното почитување помеѓу наставниците и учениците е на задоволително ниво и досега не се забележани некои поголеми проблеми. Со дисциплината во училиштето нема поголеми проблеми кои би го нарушиле наставниот процес во самото училиште. Ако дојде до мали недоразбирања меѓу учениците истите се решаваат преку советодавни средби класен раководител - ученик, а потоа класен раководител-ученик- родител. Зависно од проблемот, ако има потреба од стручни лица како што е психологот, а по потреба и директорот се вклучуваат во решавањето на проблемот. После сите овие разговори доаѓаме до заедничко решение.<br>Вработените ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Речиси сите ученици (без оглед на способностите, род, етничка припадност, вера и потекло) се чувствуваат прифатени од возрасните и другите ученици во училиштето. |

## 5.2 Промовирање на постигањата

| **Собирање на податоци** | | |
|---|---|---|
| **Методи користени за собирање на податоци** | **Училишен тим** | **Собрани информации** |
| | | Анкетирани се вкупно 21 наставник. Од анализата на собраните информации може да се заклучи дека:<br><br>2. Наставникот овозможува позитивна, поттикнувачка, |

| | | |
|---|---|---|
| Прашалник за наставниците | Ванѓа Мушевска<br><br>Емилија Шуманска | опуштена и срдечна работна атмосфера (76,5% од наставниците се согласуваат со ова тврдење, останатите 23,5 делумно се согласуваат).<br><br>3. Наставникот ги поттикнува учениците слободно да се изразуваат и ги почитува нивните мислења и идеи (82,4 % наставниците одговориле дека се согласуваат, останатите 17,6% делумно се согласуваат).<br><br>4. Наставникот подеднакво се однесува кон сите ученици без оглед на пол, етничка припадност и способности (88,2% наставниците одговориле дека се согласуваат, останатите 11,8% делумно се согласуваат).<br><br>5. Наставникот се грижи соработката со родителите да биде што понепосредна и ефикасна (82,4% од наставниците одговориле дека се согласуваат со ова тврдење, а 17,6% делумно се согласуваат).<br>6. Наставникот интервенира при конфликт меѓу учениците (88,2% од наставниците одговориле дека се согласуваат со тврдењето, а 11,8% дека делумно се согласуваат).<br><br>(Редниот број на прашањето е во согласност со употребениот прашалник)<br><br><br> |


Прашање 3
18%
0%
82%
Се согласувам
Делумно се согласувам
Не се согласувам


Прашање 4
12%
0%
88%
Се согласувам
Делумно се согласувам
Не се согласувам


Прашање 5
18%
0%
82%
Се согласувам
Делумно се согласувам
Не се согласувам

| | | |
|---|---|---|
| | |  |

| | | |
|---|---|---|
| Прашалник за родителите | Ванѓа Мушевска<br><br>Емилија Шуманска | Анкетирани се вкупно 23 родители. Од анализата на собраните информации може да се заклучи дека:<br><br>2. Родителите сметаат дека училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците (91,7% од анкетираните родители се согласуваат со ова тврдење).<br><br>3. Родителите се запознати со правилата и куќниот ред во училиштето (83,3% од испитаните родители се согласуваат со тврдењето).<br><br>5. Родителите знаат на кого во училиштето да му се обратат за различни информации (83,3% одговориле дека се согласуваат со тврдењето).<br><br>6. Вработените во училиштето спрема мене како родител се однесуваат со почит (91,7% од родителите изјавиле дека се согласуваат со ова тврдење).<br><br>10. Информациите за успехот и поведението на моето дете ги добивам редовно и навремено ( 91,7% од родителите изјавиле дека се согласуваат со ова тврдење).<br><br>(Редниот број на прашањето е во согласност со употребениот прашалник) |


Прашање 2
8%
0%
92%
Се согласувам
Делумно се согласувам
Не се согласувам


Прашање 3
16%
0%
84%
Се согласувам
Делумно се согласувам
Не се согласувам


Прашање 5
16%
0%
84%
Се согласувам
Делумно се согласувам
Не се согласувам

| | | |
|---|---|---|
| | | <br> |

| | | |
|---|---|---|
| | | Анкетирани се вкупно 52 ученика. Од анализата на собраните информации може да се заклучи дека:<br><br>1. Во училиштето се чувствувам убаво и безбедно ( 83,3% од учениците се согласиле со тврдењето).<br><br>4. Учениците сметаат дека наставниците ги поттикнуваат слободно да се изразуваат и ги почитуваат нивните мислења и идеи (83,3% од учениците одговориле дека се согласуваат со ова тврдење). |

| | | |
|---|---|---|
| Прашалник за учениците | Ванѓа Мушевска<br><br>Емилија Шуманска | 5. Во моето училиште редовно се пофалуваат позитивните постапки и успехот на учениците (со ова тврдење се согласиле 88,9% од анкетираните ученици).<br><br>7. Мојот родител е информиран за сите активности што се одвиваат во училиштето преку родителски средби, родителски совети и приемните денови (со ова тврдење се согласиле 88,9% од учениците кои одговориле на прашалникот).<br><br>11. Во моето училиште се одржуваат активности кои им овозожуваат на учениците да ги изразат своите интереси и способности ( 72% од учениците се согласуваат со тврдењето).<br><br>(Редниот број на прашањето е во согласност со употребениот прашалник)<br><br> |


Прашање 4
16%
0%
84%
Се согласувам
Делумно се согласувам
Не се согласувам


Прашање 5
11%
0%
89%
Се согласувам
Делумно се согласувам
Не се согласувам


Прашање 7
11%
0%
89%
Се согласувам
Делумно се согласувам
Не се согласувам

| | | |
|---|---|---|
| | |  |

| Резултати |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br><br>5.1 Високо стручен професионален кадар;<br>Функционален ученички парламент;<br>Инклузивност на училиштето;<br>5.2 Стимулативна средина за постигнување на успеси;<br>Примена на правилник за наградување на постигнувањата;<br>5.3 Вклученост на училиштето во различни проекти;<br>5.4 Солидна соработка со локалната заедница; |
| **Слабости**<br>5.1 Поголемо вклучување на претставниците на ученичката заедница во донесувањето одлуки, значајни за организирањето на воспитно образовниот процес;<br>5.2 Недоволно медиумско промовирање на успесите на учениците со цел подобра промоција на училиштето;<br>5.3 Недоволна вклученост на учениците од сите етникуми во проекти;<br>5.4 Недоволна заинтересираност на родителите за успехот и постигањата. |

| Анализа на резултатите |
|---|

| ( Подетална евалуација на подрачјето Училишна клима) |
|---|
| **Идни активности:Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**<br><br>5.1 Поголема активност на Ученичкиот парламент;<br>5.2 Поголема промоција на училиштето и медиумско промовирање на постигнатите резултати;<br>5.3 Помасовно вклучување на сите ученици во проекти како помош при нивно усовршување и вработување;<br>5.4 Примена на информатичка технологија заради подобра комуникација со родителите и локалната заедница. |

**Подрачје 6: Ресурси**

| Подрачје 6: Ресурси |
|---|
| **Оддели во рамките на подрачјето**<br><br>➢ **Сместување и просторни капацитети**<br>➢ **Наставни средства и материјали**<br>➢ **Обезбедување на потребниот наставен кадар**<br>➢ **Следење на развојните потреби на наставниот кадар**<br>➢ **Финансиско работење во училиштето** |

**Подрачје 6: Ресурси**

| Подрачје 6: Ресурси | |
|---|---|
| **Собирање на податоци** | |
| **Прегледани документи** | **Собрани информации** |
| **6.1.Сместување и просторни капацитети** | **6.1.1.Просторни услови**<br>**6.1.2.Искористеност на просторните капацитети** |
| • **Годишната програма за работа;**<br>• **Непосреден** | - СОУ „ Димитар Мирасчиев“ е средно стручно текстилно – кожарско училиште и истото е лоцирано во центарот на градот од левата страна по течението на реката Отиња. Својата основна дејност училиштето ја врши во објект од |

| | |
|---|---|
| **увид;**<br>• **Распоред на часови;**<br>• **Полугодишен и годишен извештај;**<br>• **Интервју со наставниците;**<br>• **Записници од работата на стручните активи;** | цврста градба.<br>- По превземањето на 3/4 од вкупната површина, од страна на УГД „Гоце Делчев“, моментално, училиштето располага со 5 училници кои ги задоволуваат педагошко- психолошките стандарди за изведување (реализирање) на настава (кои ги исполнуваат условите за изведување на настава според Нормативот), од кои едната е опремена со училишни клупи и столови и маса за кроење, машини за шиење, една смарт табла и еден компјутер,еден кабинет по компјутерско конструирање на облеката опремен со 10 компјутери со лиценцирани софтвери од Гербер (AccuMark софтвер за CAD) и 1 компјутер со 7 монитори лиценцирани со програмата Linux, добро опремена спортска сала, канцеларии: за наставници, за директор, за секретар, за педагошко психолошката служба, за благајник, две помали приспособени простории, од кои една е за архива, а една е за техничкиот персонал. Училиштето располага и со библиотека, една просторија за домаќин и парно греач (ложач на котли), една мала работилница за хаус мајстор, прилагодена училишна работилница за практична настава за учениците од текстилно- кожарска струка Има санитарни јазли 2 на приземје, 2 на вториот спрат, котлара и магацински простор.<br>- Големината на училниците соодветствува на бројот на учениците во паралелките (опремени со ИКТ опрема и 24 – часовен интернет), но сепак се чувствува недостиг на простории за изведување на додатна, дополнителна настава и вонанставни активности.<br>- Училиштето работи во две смени, со однапред направен распоред на часови, со сопствено парно греење на нафта.<br>- Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи располжливите просторни капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. |
| **6.2. Наставни средства и материјали** | **6.2.1. Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала;**<br>**6.2.2.Училишна библиотека;**<br>**6.2.3.Потрошен материјал;**<br>**6.2.4.Училишна реална и виртуелна компанија;**<br>**6.2.5.Училишни работилници за практична обука опремени со машини, уреди, апарати и алати** |
| • Увид во | - Училиштето располага со стручна литература и наставни |

| | |
|---|---|
| библиотечната евиденција;<br>• Разговор со одговорното лице;<br>• Разговор со учениците;<br>• Разговор со наставниците;<br>• Непосреден увид во документацијата за набавка на стручна литература и наставни помагала;<br>• Разговор со стручната служба и директорот; | средства и помагала кои делумно соодветствуваат со современите наставни текови во теоретската и практичната настава. Учењето и наставата се збогатени со користење на ИКТ;<br>- Наставниците и учениците имаат пристап до интернет;<br>- Училишната библиотека располага со 14374 книги од 1 578 автори и располага со компјутер и пристап до интернет;<br>- Работното време на библиотеката овозможува учениците да ја користат во текот на целиот училишен ден;<br>- Постоечката литература е достапна и може да се користи;<br>- Во училиштето во употреба се 37 компјутери за наставници, 10 уреди за печатење, преносни компјутери за секој наставник, 7 LCD проектори за подршка на настава, AccuMark софтвер за CAD и Гербер 2014;<br>- Средствата за потрошен материјал се планираат, но набавката не ги задоволува реалните потреби на училиштето;<br>- Поголем број на наставници немаат учебници за спроведување на наставниот процес. Особено со воведување на модуларно дизајнираната програма во стручните училишта се намалија и малиот број на учебници кои беа достапни со старата програма;<br>- Стручните активи на почетокот на секоја учебна година доставуваат до директорот барања за потрбните наставни средства и материјали за реализирање на наставната програма;<br>- Училиштето располага со една училишна работилница во неа има 7 обични машини за шиење и 3 специјални машини од кои две се ендларици и една рупичарка, а во помошната работилница има 4 обични шивачки машини и 2 специјални машина за шиење ендларица, како и 2 маси за кроење, 2 маси за пеглање, 2 пегла, 1 пегла со парен котел, 1 мала трансфер преса за фиксирање, 2 прогресерка и други потребни средства за работа (ножици за кроење, боици, креди и моливи за означување, линијари). Дел од материјалите и репро материјалите се донации од модни компании, а дел се набавени од училиштето. |
| **6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар** | **6.3.1. Број на вработени и соодветност на наставниот кадар**<br>**6.3.2.Ефективност и распоредување на кадарот**<br>**6.3.3.Стручната служба како подршка на наставниот кадар** |

| | |
|---|---|
| • Годишна програма;<br>• Евиденција на секретар;<br>• Платен список на вработените;<br>• Разговор со Директор;<br>• Разговор со наставници;<br>• Програма за работа на стручна служба; | - Училиштето ги задоволува потребите од наставен и административно-технички персонал за реализирање на воспитно-образовниот процес;<br>- Поради намалениот обем на работа како резултат на намалениот број на запишани ученици не се чувствува потреба од зголемување на бројот на нововработени;<br>- Како основа за обезбедување на потребен наставен кадар е пензионирање на вработени во училиштето;<br>- Училиштето има 34 вработени, од кои раководен кадар (Директор) – 1, наставен кадар - 21, Стручен соработник (психолог) - 1, административен кадар - 2 секретар (високо образование), благајник (високо образование), технички персонал - 10 од кои 6 хигиеничари, еден хаусмајстор, 1 парногреач, 1 чувар и 1 домаќин од кои 2 се со основно образование, 8 се со средно образование;<br>- Од наставниот кадар со високо образование се 20 вработени и 1 вработен наставен кадар со магистратура;<br>- Од наставниот кадар 1 наставник е приправник, а останатите настаници се со над 2 години работно искуство во образование;<br>- Од вкупно вработените 9 се од машкиот пол, а 25 се од женскиот пол. Од вкупно вработените 29 се македонци, 4 се власи, а 1 е ромка;<br>- Наставниот кадар е во согласност со нормативите, освен наставникот по предеметите Бизнис и претприемништво и Физика;<br>- Наставниот кадар поседува квалификации, вештини и искуство надополнето преку обуки;<br>- Наставниците успешно работат како тим во рамките на стручните активи;<br>- При распределба на кадарот се земаат во предвид квалитетите и искуството на наставниците се со цел да се исполнат целите на наставата;<br>- Во случаи на отсуство на наставниот кадар, училиштето има механизам за соодветна замена. Работата на наставниот кадар соодветно е надополнета од страна на административно- техничкиот персонал;<br>- Стручната служба на училиштето им помага на наставниците во организација на наставата и во следење на напредокот на учениците;<br>- Стручната служба преку редовните контакти со родителите, учениците и наставниците настојува да се справи со |

| | |
|---|---|
| | проблемите на индивидуално и групно ниво и да даде соодветна помош на учениците;<br>- Како приоритетни работи во програмата на стручната служба во училиштето е мотивацијата на учениците за учење како и развој и напредување на личноста на ученикот;<br>- Стручната служба секогаш е отворена за соработка. |
| **6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар** | ▪ **Професионален развој на наставниците** |
| • Програма за професионален развој на наставниот кадар;<br>• Листи од спроведени интерни обуки;<br>• Разговор со Директор, стручна служба и наставници;<br>• Увид во портфолијата на наставниците. | - Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот и има стратегија за десиминирање на знаењата на кадарот;<br>- Стручната служба за наставниот кадар уредно води портфолија за професионален развој во кои се евидентираат сертификати, признанија итн.;<br>- Во јавните училишта за самостојно извршување на работните задачи и осовременување на воспитно-образовниот процес се врши оценување на наставниците и стручните соработници;<br>- Ова оценување го врши комисијата составена од директорот, стручниот соработник во училиштето и советник од бирото за развој на образованието како и советник од центарот за стручно образование и обука;<br>- Резултатите од оценувањето овозможуваат стекнување на звања (наставник приправник, наставник- ментор и наставник -советник);<br>- Континуираното следење на работата на наставниците се врши од страна на директорот на училиштето и стручната служба (психолог), преку честа посета на часовите и консултациии;<br>- Училиштето  континуирано ги следи семинарите, трибините организирани од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образование и Центарот за стручно образование и обука;<br>- Исто така по потреба спроведува интерни обуки за компјутери, Е –дневник на наставниците;<br>- Училиштето го следи развојот и на наставниците приправници така што им одредува ментор. Менторот им помага во работата преку консултациии, сугестии, размена на искуства со цел успешна подготовка за полагање стручен испит; |

| | |
|---|---|
| | - Училиштето зеде активно учество во разни семинари, форуми, работилници, предавања и проекти како што се следниве:<br>- Активности / Посета<br>- Учество на Обука од WEglobal зголемување на атрактивноста, инклузивноста и релевантноста на средните стручни училишта и образование за возрасни во Скопје;<br>- Учество на Обука од WEglobal Развивање и споредување на програми за обука на возрасни во училишта за стручно образование и обука во Струмица;<br>- Обука за обучувачи од WEglobal Развивање и спроведување на програми за обука за вработени во училиштата за стручно образование и обука;<br>- Обука од WEglobal за Зголемување на атрактивноста, инклузивноста и релевантноста на средните стручни училишта и образование за возрасни - Андрогошка обука во Велес;<br>- Консултација со училиштата од текстилна струка за финансиска подршка со LEAD - Здружение лидери за едукација, активизам и развој;<br>- Обука од WEglobal Промоција на културата за обезбедување квалитет и Европска рамка за обезбедување на квалитет во стручното образование и обука во Кавадарци;<br>- Национална работилница „Ефективни механизми за обезбедување на квалитет во рабората на КУПР Инструменти за комуникација, мониторинг и евалуациаја“ во Штип;<br>- Валидација на инструментите за обезбедување на квалитет во работата на КУПР во Скопје;<br>- Менторирање на наставници по ПО во Скопје;<br>- Обезбедување на квалитет во работата на КУПР- 1 дел Обука за кординатори во Скопје;<br>-Обезбедување на квалитет во работата на КУПР- 2 дел Обука за кординатори хотел-Континентал-Скопје;<br>- Обезбедување на квалитет во работата на КУПР- 3 дел Обука за кординатори хотел-Континентал-Скопје;<br>- Тематска работилница за УПР;<br>- Обука спроведена во нашето училиштето СОУ „Димитар Мирасчиев“ во соработка со проф. д-р. Деан Илиев –со наслов Современи педагошки пристапи за подобро стручно образование и образование за возрасни;<br>- Учество на модна ревија - МАССУМ во СОУ Коста Сусинов-Радовиш и освоено прво место;<br>-Обуки од GOPPA за подобрување на квалитетот во образованието (Инклузивна педагогија, Обука за обучувачи за Формативно оценување, дигитална писменост клучни компетенции, социјална и образовна инклузија на учениците, |

| | |
|---|---|
| | меѓунаставно планирање и настава, професионална соработка и учење од колегите и вештини за обучувачи, Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинизирани групи, Обука за дигитална писменост (дигитални вештини/компетенции) модул за основна обука, Обука за наставници за предавање на ревидираните наставни програми за ученици со ПОП во средните училишта;<br>- Информативен настан во библиотеката „Гоце Делчев“ со наставник по англиски јазлик Фросина Тасевска кој има за цел да даде точни, сеопфатни и тековни информации за единствените можности што се нудат за студирање во високо образовните установи во САД и аплицирање за студентска виза за Америка. Настанот беше воден од претставници на конзулативниот оддел на Амбасадата на САД, одржан во просторијата на Американското катче;<br>- Ликовната работилница за деца насловена "Планети", учество зедоа и нашите ученици кои имаа уникатна можност да ја изразат својата имагинација и креативност на стаклена површина;<br>- СОУ "Димитар Мирасчиев„ во соработка со Црвениот крст организира Крводарителска акција, во која учествуваа нашите ученици и вработени;<br>- Учество на „Fashion days“ во соработка со општина - Штип „Shtip Fashion Day“.<br>- По повод првиот академски час претставници од училиштето беа во посета на Економскиот Факултет при УГД - Штип.<br>- Дел од нашите ученици под менторство на наставниците Лидија Трендафилова, Методи Пуздерлиски и Фросина Тасевска присуствуваа на кратка аудиовизуелна театарска претстава, насловена со „Ткаенината на правдата“, која испрати силна порака за правдата и солидарноста во нашето општество. Претставата се одржа во рамките на Текстилијада 8;<br>- Нашата ученичка Лидија Петровска од II ТИО, под менторство на наставник по македонски јазик и литература Елена Богатинова учествуваше на литературниот конкурс по повод "Текстилијада 8" на тема "Човекови права" за која што доби благодарница;<br>- Учество на свечена академија по повод 5-ти Октомври - Светскиот ден на учителот во организација на Општина Штип;<br>- Учествуво на тркалезна маса Пријавете омраза во организација на Младински брод, локалната самоуправа и УГД;<br>- Претставници од училиштето беа присутни на настанот по повод Литературно читање во ООУ„ Славејко Арсов”- и одбележување на патрониот празник на ООУ„ Славејко Арсов”- Штип; |

| | |
|---|---|
| | - Претставници од училиштео беа присутни на презентација на тема: Зајакнување на младите;<br>- Во рамки на Општинскиот сојуз на училишен спорт – Штип, се одржа Општински натпревари во повеќе категории. На овие натпревари нашите ученици под менторство на наставник по спорт и спортски активности Валентина Ристова зедоа учество во Футсал – машки и Одбојка – женски.<br>- Учениците од прва и трета година учествуваа на едукативна работилница во врска со Улогата на народен правобранител во остварување на детските права одржана од страна на народен правобранител;<br>- Презентација на учениците од четврта година за Пријави данок одржана од страна на службено лице од УЈП;<br>- Учевство како специјални гости на модната ревија во Бугарија-Благоевград со колекцијата ‘’ Есен во мене”;<br>- Нашите ученици дизајнираа и креираа одржлива облека, со цел одпадните материјали да ги претворат во уникатни модни парчиња, демонстрирајќи го значењето на циркуларната економија во модната индустрија. Така нивната облека стана дел од изложбата Fashion Forever за време на Модниот викенд. Амбасадорката Џаин беше воодушевена од креативноста и посветеноста на учениците и одлучи да го облече нивниот одржлив фустан и да ги подржи во нивната креативност;<br>- Едукативна работилница по повод 20 Ноември Меѓународниот ден на детските права. Со промовирањето на детските права се промовира и учеството на децата во процесите на одлучување за прашања што се однесуваат на нивната положба во семејството и општеството, а е во согласност со нивната возраст. Се промовира и заштитата од различни форми на злоупотреба и нарушување на нивните права;<br>- Инклузивна работилница со соработка со Центарот за социјална работа од Штип; Посебните одделенија од ООУ „Ванчо Прќе“; „Дневен Центар- Штип“; „Дневен центар за аутизам“; ДСУ „Искра“ и „ЦПЛИП Порака“ изработи брошеви кои беа планирани да се доделат на случајни минувачи, со единствена порака, а таа е да се подигне свеста и емпатијата кај сите по повод 3 декември денот на лицата со попреченост;<br>- Наставници по прдметите хемија и информатика учествува на работилница за Писа тестирање;<br>- Наставници по предметите македонски јазик и литература учествува на работилница за Писа тестирање;<br>- Наставник по предметот математика учествуваше на |

| | |
|---|---|
| | работилница за Писа тестирање;<br>- Во нашето училиште беше обележн „Светскиот ден на учениците со попреченост“. На кои им беше врачен скромен подарок;<br>- Учество на дебата „Младите и волантерството“. Учениците од прва и трета година заедно со психологот на училиштето Елена Ивановска Костадинова и наставникот по Граѓанско образование Емилија Шуманска имаа можност да ја проследат презентацијата и да зедат учество во дебата во која што се дискутираше за младите и волунтирањето;<br>- По повод прославата на Шведската- Санта Луција ученици од нашето училиште заедно со наставничката Наташа Тасева како специјални гости присуствуваа на настанот кој што се одржа во Скопје во Македонската опера и балет. Амбасадорката Ami Larsson Jain повторно гордо го носеше нашиот модел;<br>- Учениците ги презентираа своите изработки на Новогодишен базар. А собраните средства се наменети за потребите на учениците;<br>- Изложба на осумдесет години слобода на НУ „Завод за заштита на спомениците на културата и музеј“ –Штип;<br>- Учество на градски плоштад во Штип по повод ден на градот „Св.Никола“;<br>- Работни активности и изработки на учениците од III- ТДО, I - ТДО/ТМО и ТИО и IV - ТДО/ТИО за Новогодишниот базар под менторство на наставниците Виолета Давиткова, Фросина Тасевска и Лидија Трендафилова.<br>- По повод сто и една година од раѓањето на Ацо Шопов, во НУ-УБ "Гоце Делчев"- Штип се одржа литературен конкурс за есеј и песна на тема: "Тишината понекогаш зборува најгласно и најдобро за делата и поетот Ацо Шопов. На конкурсот учествуваа нашите ученички Милена Јаковска, Ноема Шерифова и Лидија Петровска под менторство на наставник по македонски јазик Елена Богатинова и се здобија со благодарници;<br>- Инклузивна работилница одржана со корисниците од дневен центар ЦПЛИП ПОРАКА - Штип, и учениците од СОУ „Димитар Мирасчиев“ -Штип под меторство на психологот на училиштето Елена Ивановска Костадинова и наставникот по македонски јазик Елена Богатинова. Изработка на новогодишни честитки;<br>- Учество на Социјален дијалог, помеѓу средните стручни училишта и бизнис секторот во општина -Штип;<br>- Учество на литературно читање по повод раѓањето на Гоце Делчев; |

| | |
|---|---|
| | - Систематски преглед за учениcте матуранти;<br>- Учество на инфо средба за повик за адаптација за награда на ЕУ за ромска интеграција во Западен балкан и Турција;<br>- Учество на „Иднината на наставата: Претприемништво, филантропија и дигитални алатки", учество зедоа и наставници од нашето училиште. Настанот се одржа во INNOX INNOVATION CENTER – Скопје, во рамките на Еразмус+ проектот „STRET TT2 - Students Today Responsible Entrepreneurs Tomorrow –Teacher Toolkит 2;<br>- Работилница на тема „Родово базирано насилство" со ученици девојчиња од ромската националност во просториите на општина-Штип;<br>- Одбележување на 21 февруари Меѓународен ден на мајчиниот јазик преку низа активности со учениците од II- ТИО под менторство на проф. по македонски јазик Елена Богатинова;<br>- Нашите ученички Ноема Шерифова и Милена Јаковска организираа „Младинска модна ревија" во Пробиштип од цртежи до готови уникатни 16 модели;<br>- Во нашето училиште на ден 27.02.2025 се одржа една од многуте сесии што следуваат. За време на сесијата нашите ученици се запознаа со тоа што е кариера, како се планира, колку долго трае, што се кариерни цели и што треба да се направи за тие да се исполнат. Оваа програма се спроведува со поддршка на Британската амбасада во Скопје;<br>- Настан по повод обележување на денот на жената, во градинката „Вера Циривири Трена";<br>- Реализирани се повеќе активности на Денот на екологија за заштита на животната средина (садење на садници, чистење на училници, работилници, училишен двор);<br>- Учество во проект „ ЛЕАД "-Проект за циркуларна економија, кој се одржа од 24.03.-27.03.2025 година во Велес, наменет за средни училишта со текстилно кожарски и земјоделски угостителски струки;<br>- Презентација на матурантите;<br>- Учество во проект „Зајакнување на женското претприемништво преку занаетчиство и одржливост" со поддршка од Амбасадата на Република Словенија;<br>- Одбележување на Денот на Ромите;<br>- Посета на компанија „Адиент" посетено од учениците од трета година;<br>- Учество на обука во Скопје организирана од Ценарот за истражување и креирање политики (ЦРПМ) посветена на |

| | |
|---|---|
| | тема „Операционализација на механизмот за упатување со цел зајакнување на отпорноста кон радикализација и насилен екстремизам“;<br>На работилницата учествуваа директорот на училиштето Марина Варадиновска, психологот Елена Ивановска-Костадинова и наставниците: Тони Поп Димитов, Фросина Тасевска и Методи Пуздерлиски;<br>- Учество на ученици во футсал машки во СОУ „Коле Нехтени“ - Штип „Пролетни денови на училишен спорт“<br>- Реализирана уште една крводарителска акција по повод 07.04. ден на здавјето;<br>- Учество на тркалезна маса за дискусија на тема „Родово одговорни семејни политики во институции и организации: можност и предизвици “;<br>- Работилница во СОУ „Димитар Мирасчиев“ –Штип со „Рачени вештини до сопствен бизнис“;<br>- Учество на литературен конкурс во НУ – УБ „Гоце Делчев“ – Штип на тема - „Книгата ме забавува и учи“;<br>- Учениците од прва до четврта година, присуствуваа на отварање на изложбата на „Минерали и фосили“ од страна на НУ „Музеј на градот“ Штип и Природно научен музеј од Скопје;<br>-Учество и освоено второ место во модна ревија на Образовно рандеву во Кавадарци;<br>-Работилница во СОУ „Димитар Мирасчиев“ –Штип одржана од мрежа „Стела“ на тема „Менторство“.<br>- Во рамките на распишан конкурс „Боите на пролетта“ по повод денот на пролетта нашиот ученик Стојанче Гицев освои второ место;<br>- Ден на македонскиот јазик – учениците изработија плакат по повод Ден на македонскиот јазик;<br>- Учество на „Плати кафе со поезија“ по повод Ден на македонскиот јазик. Нашата ученичка Марија Ристова освои трета награда;<br>- Учениците од СОУ „Димитар Мирасчиев“ –Штип се вклучија во акција „Генерален викенд“ преку чистење и уредување на училишниот двор;<br>- На матурантите од СОУ „Димитар Мирасчиев“ –Штип беше одржано предавање од страна на МВР на тема „На матрурска вечер без автомобил“;<br>- На манифестацијата „Очи на Шопов“ учениците учествуваа на рецитаторскиот натпревар при што ученичката Ноема Шерифова освои второ место; |

| | |
|---|---|
| | - Обука за моден дизајн одржана во нашето училиште од страна на Ирина Тошева моден дизајнер;<br>- Стручните наставници организирааа посети на учениците од прва, втора, трета и четврта година на текстилни компании, библиотека, музеј и други институции во градот;<br>- СОУ „Димитар Мирасчиев“ –Штип склучи меморандум за соработка со „Штип со наслов на проект „Младите во борба прптив корупција“;<br>- Учениците од I до IV година беа во посета на Саемоот за книга во Скопје;<br>- Учениците од I до IV година во соработка со „Здружение на мултиетничко опшество за човекови права“ Штип и центар за ромска заедница „Дром“ од Куманово одржаа работилници на тема: „Младите во борба против корупција“ и „Корупција и форми на препознавање на корупција“;<br>- Учениците од I до IV година од СОУ „Димитар Мирасчиев“ - Штип заедно со учениците од Куманово ја посетија Државната комисија за спречуваање на корупција во рамките на проектот „Младите во борба против корупција“ подржано од Граѓанскиот ресурсен центар;<br>- Учениците од СОУ „Димитар Мирасчиев“ –Штип изработија плакет на тема „ Нема корупција остануваме во Македонија“;<br>- Учениците од СОУ „Димитар Мирасчиев“ –Штип зедоа активно учество во дебата на тема „Важноста на родовата еднаквост за спречување на насилството врз жени и деввојчиња“ организирано од Гласен Текстилец;<br>- По повод 24 Мај- Денот на македонските просветители Св.Кирел и Методј нашето училиште организираше литерературен и ликовен награден конкурс за учениците од основните и средните училишта во НУ - УБ „Гоце Делчев“ – Штип.<br>- Во НУ- УБ „Гоце Делчев“ – Штип ученичката Лидија Петровска освоои второ место по повод обележување на деновите на словенските просветители Св.Кирил и Методиј;<br>- Учество на семинар на тема „Зајакнување на женското претприемништво преку занаетчиство и одржливост“;<br>- Учество на кративен ден во Битола;<br>- Учество на отворен ден на сите средни училишта во „Дом на млади“-Штип;<br>- Доделување на првенец на генерација во просториите на УГД-Штип, ученичката Викторија Спасовска е нашата учничка – првенец на генерација;<br>- Обуки за наставници од МОН и БРО запримена на вештачка |

| | |
|---|---|
| | интелигенција во наставата. |
| **6.5. Финансиско работење во училиштето** | ▪ **Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење**<br>▪ **Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет** |
| • Годишен финансиски план;<br>• Годишна програма и развоен план;<br>• Записници и одлуки на УО;<br>• Разговор со Директор, наставници и УО; | - Постапките поврзани со финансиското работење на училиштето се во согласност со законските норми и прописи;<br>- Училишниот одбор е запознаен со финансиските активности на училиштето. Извештај за финансиското работење УО добива еднаш годишно;<br>- Во училиштето постои Комисија за јавни набавки која ги познава и работи според правилата и прописите поврзани со реализација на јавните набавки;<br>- Во комисијата за јавни набавки има член од УО. Училиштето ги информира органите и телата за училишниот буџет и трошењето. Раководниот кадар изготвува годишен финансиски план и завршна сметка кои се доставуваат до: Училишниот одбор, Советот на родители и Локалната самоуправа;<br>- Буџетските средства се користат строго наменски. |

| **Подрачје 6: Ресурси** |
|---|
| **Резултати** |

**Клучни јаки страни**

- Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава според Нормативот;
- Училиштето располага со адекватни училници, наставничка канцеларија, канцеларија за директор, психолог, секретар и благајник. Исто така во училиштето постои библиотека, 1 кабинет (компјутерско конструирање на облеката), спортска сала, 1 училишна работилница и 1 помошна работилница, како и посебни санитарни простории. Големината на училниците соодветствува на бројот на учениците во паралелките;
- Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на вonнаставните активности;
- Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и истите ефективно и ефикасно ги користат во наставата и учењето. Учењето и наставата се збогатени преку користење на аудио-визуелна опрема 7 LCD-проектори, графоскопи) и користење на ИКТ;
- Во училиштето има фотокопир кој е неопходен за писмена проверка на учениците;
- Библиотеката е добро подредена и располага со компјутер, пристап до интернет и печатач/копер кој е наменет за потребите на училиштето. Библиотеката е отворена

за користење од страна на учениците во текот на целиот училишен ден;
- Стручните активи на почетокот на секоја учебна година доставуваат до директорот барања за потребните наставни средства и материјали за реализирање на наставната програма;
- Училиштето планира обезбедување на потрошен материјал за реализирање на наставните активности согласно со планот на училиштето;
- Наставниците ефективно придонесуваат за работата на училиштето и успешно работат како тим во рамките на стручните активи;
- При распределбата на кадарот се земаат предвид кавлитетот и искуството на наставниците, што придонесува за исполнување на целите на наставата;
- Во случај на пократко или подолго отсуство на наставниот кадар, се води грижа замената да биде соодветна и навремена;
- Училиштето има стручна служба која им помага на наставниците во организација на наставата, следење на нивниот напредок, справување со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање соодветна помош на учениците;
- Почитувана законската регулатива за професионален развој на наставниот кадар;
- Континуирано следење на работата на наставниот кадар;
- Континуирано следење на обуки, работилници, трибини итн.;
- Постапките поврзани со финансиското работење се во согласност со законските прописи и норми;
- Во училиштето постои Комисија за јавни набавки која работи според постојните правила и прописи за јавни набавки. Навремено информирање за училишниот буџет и трошење на органите и телата во училиштето.

**Слабости**

- Недостасуваат училници за реализирање на додатна и дополнителна настава (во првата или втората смена);
- Недостасува пристап до интернет во наставничката канцеларија;
- Училишните кабинети се делумно опремени и недостасуваат наставни помагала и апаратури;
- Недостаток на обуки од тесно-стручно подрачје;
- Недостасува консултации со сите вработени, кога тоа е потребно;
- Недостасува финансирање на креативни цели.

**Подрачје 6: Ресурси**

**Анализа на резултатите**
**(Подетална евалуација на подрачјето Ресурси)**

**Сите анализирани индикатори за квалитетот на работењето кои се однесуваат на ова подрачје го покажуваат следново:**

- Училиштето СОУ „Димитар Мирасчиев“ се наоѓа во централното гратско подрачје, располага со доволен број на простории и кабинети кои кореспондираат со бројот на запишани ученици, односно училници, работилници, техничка служба, стручна

служба и др.;
- Бројот на вработени е соодветен за условите  и просторот со кој располагаме, како и бројот на ученици;
- Стручноста на наставниот кадар е на највисоко ниво, со континуирано остручување на наставниот кадар преку присутство на голем број на обуки, научни сипозиуми, обуки за европски проекти и други семинари како на стручниот така и на општо- образовниот кадар, а и преку презентирање на неколку модни ревии на годишно ниво веќе е докажана компетентноста на стручниот кадар за она што го работат;
- Училишната библиотека е една од најопреманите училишни библиотеки во регионот со преку 14 374 книги од секоја област, кои служат за пружење на стручна и советодавна помош на учениците и наставниците;
- Практичната настава учениците ја изведуваат во повеќе компании со кои училиштето има склучено меморандуми за соработка и договори;
- Училишната работилница е солидно опремена и овде се изведува практична настава каде се изработуваат разни модели кои се користат за сите модни ревии на кои учествува нашето училиште и за други потреби;
- Што се однесува околу вработените, наставниот кадар е доволно остручен и работата ја работи како што треба во зависност од условите, секретар, благајник технички персонал и стручната служба се добро обучени и добро си ја работат работата;
- Училиштето ја следи законската регулатива за професионален развој на вработените, наставниците и стручната служба контунирано се дообразуваат и доустручуваат на разни семинари и обуки од еминентни обучувачи;
- Постапките поврзани со финансиското работење на училиштето се во согласност со законските норми и прописи, буџетските средства се користат строго наменски, училишниот одбор е известен за сите финанскиски активности.

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

- Да се изработи проект за проширување;
- Да се изработи проект за пристапна рампа;
- Да се изврши набавка и надополнување на училишната библиотека со стручна литература;
- Мотивација на вработените и на учениците;
- Интезивирање на соработката со ЦСОО;
- Опстанок и развој на училиштето;
- Финансирање на креативни цели.

**Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика**

| **Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика** |
|---|
| **Индикатори за квалитет:**<br><br>**7.1 Управување и раководење со училиштето**<br><br>**7.2 Цели и креирање на училишната политика**<br><br>**7.3 Развојно планирање** |

| **Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика** | |
|---|---|
| **Собирање на податоци** | |
| **Прегледани документи** | **Собрани информации** |
| **Програма за развој на училиштето од 2023/2026 година** | Развојниот тим на училиштето подготвува програма за развој на училиштето која потоа се усвојува од страна на Училишен одбор. Програмата за развој на училиштето за период 2023-2026 во голема мера ја отсликува мисијата на училиштето. Со оваа програма утврдени се следните стратешки цели:<br>1. осовременување на реализацијата на наставата;<br>2. подобрување на резултатите;<br>3. подобрување на условите за работа во училиштето.<br>Од овие стратешки цели, како и од приоритетите на самоевалуацијата произлегуваат и развојните цели, конкретни задачи и активности во рамки на истите. СОУ „Димитар Мирасчиев“, во периодот 2023-2026 година, на одлично ниво и во целост ги реализираше следните развојни цели:<br>• организирање на обуки за осовременување на реализацијата на наставата; |

| | |
|---|---|
| | • осовременување на училниците во училиштето. |
| **Годишна програма за работа на СОУ „Димитар Мирасчиев“ за учебната 2023/2024 и учебната 2024/2025 година** | Во рамки на стратешките цели од програмата за развој на училиштето 2023/2026 година, годишната програма за работа ги содржи развојните цели кои ги донесува Развојниот тим на училиштето, а соодветно на нив и определените задачи. Како позначајни за ова подрачје од Самоевалуацијата на училиштето од Годишната програма за 2024/2025 се:<br>1. Подобрување на техничките услови за работа на училиштето;<br>2. Обезбедување на заштеда на електрична енергија;<br>3. Осовременување на ученички портфолија;<br>4. Унапредување на воспитно-образовниот процес;<br>5. Организирање и ангажирање на сите субјекти во училиштето;<br>6. Екологија.<br>Од подрачјата на клучни приоритети и промени од Годишната програма за 2024/25 година, развојниот тим на училиштето ги реализира активностите и мерките во согласност со приоритетните подрачја. |
| **Записници од работата на Училишниот одбор** | Училишниот одбор, како највисок управувачки орган во рамки на училиштето, има значајна улога во остварување на целите и задачите на воспитно-образовниот процес. Одборот континуирано следи и предлага мерки за подобрување на работата на училиштето и обезбедува совети за поефикасна организација. Училишниот одбор е составен од претставници на наставниците, родителите, локалната самоуправа, Министерството за образование и претставник од бизнис секторот. Бројот на членови на Училишниот одбор и неговата структура се пропишани со закон. УО брои 11 члена и тоа 4 членови од редот на наставници, 3 од Советот на родители, 3 од локалната самоуправа, 1 претставник од МОН и 1 преставник од бизнис секторот. Седниците се одвиваат во отворена и конструктивна атмосфера, со цел да се унапреди соработката меѓу наставниците, родителите, локалната заедница и бизнис секторот. Преку донесување правилници и програми се обезбедува поголема транспарентност и отчетност. Членовите редовно добиваат покани и материјали за работа најмалку неколку дена пред одржување на седниците.<br>Во изминатите две учебни години се донесени повеќе |

| | |
|---|---|
| | значајни одлуки, меѓу кои:<br>• усвојување на годишната програма за работа на училиштето;<br>• план за јавни набавки и годишен финансиски извештај;<br>• предлог-буџет и план за развојни приоритети;<br>• одлука за ангажирање надворешни лица за ревизија и сервисирање на техничка опрема;<br>• одобрување на план за европски проекти и активности за модернизација на наставата. |
| **Записници ос Совет на родители** | Еден од најзначајните сегменти за успешното работење на училиштето е активната вклученост и максимална поддршка од Советот на родители. Со своето залагање Советот на родители активно учествува во состаноците и работи како коректор и како активен креатор на целокупната училишна атмосфера. За остварување на своите потреби и за реализирање на правата и должностите на учениците, во училиштето се организирани Совети на родители на ниво на години (од секој паралелка по еден претставник) и на ниво на училиште. Изборот и конституирањето на Советот на родители се врши на почетокот на секоја учебна година. Редовните состаноци се одржуваат на почетокот на учебната година и по секое тримесечие. На состаноците на дневен ред покрај успехот и поведението на учениците особено внимание се посочува и на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Најголем акцент оваа учебна година беше ставен на проблеми со кои се соочуваат учениците при реализирање на наставата под специфични услови, како и потешкотии при постигање на знаења.<br>Позитивната енергија која преовладува на состаноците се пресликува и во работата на училиштето. Нивните ставови понекогаш влијаат и врз конечните одлуки.<br>Советите се свикуваат на иницијатива на директорот на училиштето, но и по потреба, на барање на паралелката со цел следење, мотивирање и насочување на учениците во текот на учебната година. Состаноците на Советот на родители се одржуваат редовно во присуство на директорот и психологот на училиштето, а како позначајни точки на дневниот ред може да се издвојат:<br>• запознавање на родителите со наставните планови и програми за сите образовни профили кои се изучуваат;<br>• извештај за работа на училиштето „Димитар |

| | |
|---|---|
| | Мирасчиев“ – Штип;<br>• запознавање на родителите со Годишната програма за работа на училиштето за тековната учебна година;<br>• запознавање на родителите со начинот на реализирање на наставата;<br>• разгледување на постигнатиот успех, редовноста и поведението на учениците во текот на учебната година;<br>• предлагање и преземање конкретни предлог мерки за подобрување на успехот и поведението на учениците;<br>• организирање и реализација на воннаставни активности;<br>• избор на претседател и записничар на Советот;<br>• поддршка во спроведување на проекти за безбедна и поттикнувачка училишна средина. |
| **Записници од Наставнички совет** | Наставничкиот совет, како највисок стручен орган во училиштето во доменот на својата работа ги има следните тековни активности:<br>• организирање и планирање на наставниот процес;<br>• анализа на постигнувањата на учениците и предлагање мерки за надминување на слабостите;<br>• разгледување и одлучување по поднесени барања, жалби и молби од ученици и родители;<br>• усогласување на наставните програми и активности со класните раководители и стручната служба;<br>• формирање на комисии за различни области и зададени задачи (матурска, предметни комисии и др.);<br>• следење на редовноста и дисциплината на учениците и предлагање корективни мерки;<br>• давање насоки за спроведување на државната матура и завршните испити;<br>• подготовка на завршни активности за крај на учебната година и одбележување на значајни датуми и празници;<br>• донесување одлуки за наградување на истакнати ученици, како и за поведување дисциплински постапки;<br>• организација на слободни активности, проекти и дополнителна настава;<br>• разгледување на извештаи и упатства од надлежни институции и нивна примена во наставната практика;<br>• поддршка и насоки за наставниците при |

| | |
|---|---|
| | реализирањето на наставата, како и за нивниот стручен и професионален развој;<br>• предлог план за запишување ученици за прва година во учебната 2025/2026 година;<br>• насоки од МОН;<br>• одлука за формирање комисии за упис;<br>• донесување одлука за намалување на поени за упис на ученици во прва година во првиот уписен рок второ пријавување за учебната 2025/2026 година;<br>• одлука за назначување лица за правење распоред 2025/2026 година;<br>• потврдување на резултатите по поправните испити и испити на година во јунскиот испитен рок во учебната 2024/2025 година;<br>• утврдување на конечната ранг листа по првиот уписен рок во второто пријавување во август за учебната 2025/2026 година. |
| **Годишен извештај за работана училиштето за учебната 2024/2025 година** | Целта на овој документ е да се проследат хронологијата на настани во текот на учебната година, организацијата на воспитно-образовната дејност во училиштето, материјално-техничките услови за работа, соработката со локалната самоуправа и МОН, грижата за здравјето и безбедноста на учениците, унапредувањето на воспитно-образовната работа и др. Меѓу повеќето постигнувања наведени во Годишниот извештај се:<br>Изведување бројни воннаставни активности кои придонесуваат кон развивањето на претприемачкиот дух на учениците:<br>- учествуво на литературниот конкурс по повод "Текстилијада 8" на тема "Човекови права";<br>- учество на свечена академија по повод 5-ти Октомври-Светскиот ден на учителот во организација на Општина Штип;<br>- учество на тркалезна маса Пријавете омраза во организација на Младински брод, локалната самоуправа и УГД;<br>- учество во Футсал – машки и Одбојка – женски, во рамки на Општинскиот сојуз на училишен спорт – Штип;<br>- учевство како специјални гости на модната ревија во Бугарија - Благоевград со колекцијата ‘’Есен во мене”;<br>- едукативна работилница по повод 20 Ноември Меѓународниот ден на детските права; |

| | |
|---|---|
| | - инклузивна работилница во соработка со Центарот за социјална работа од Штип; Посебните одделенија од ООУ „Ванчо Прке“; „Дневен Центар Штип“; „Дневен центар за аутизам“; ДСУ „Искра“ и „ЦПЛИП Порака“;<br>- работилница на тема „Родово базирано насилство“ со ученици девојчиња од ромската националност во просториите на општина – Штип;<br>- младинска модна ревија во Пробиштип од цртежи до готови уникатни 16 модели;<br>- учество во проект „ ЛЕАД “- Проект за циркуларна економија, кој се одржа од 24.03.-27.03.2025 година во Велес, наменет за средни училишта со текстилно кожарски и земјоделски угостителски струки;<br>- учество во проект „Зајакнување на женското претприемништво преку занаетчиство и одржливост“ со поддршка од Амбасадата на Република Словенија;<br>- учество на обука во Скопје организирана од Ценарот за истражување и креирање политики (ЦРПМ) посветена на тема „Операционализација на механизмот за упатување со цел зајакнување на отпорноста кон радикализација и насилен екстремизам“;<br>- учество на тркалезна маса за дискусија на тема „Родово одговорни семејни политики во институции и организации : можност и предизвици“;<br>- работилница во СОУ „Димитар Мирасчиев“ –Штип со „Рачени вештини до сопствен бизнис“;<br>- учество и освоено второ место во модна ревија на Образовно рандеву во Кавадарци;<br>- учество на „Плати кафе со поезија“ по повод Ден на македонскиот јазик, освоено трето место;<br>- работилници на тема: „Младите во борба против корупција“ и „Корупција и форми на препознавање на корупција“ во соработка со ромска заедница „Дром“ од Куманово.<br>2. Реализација на дел од наставната програма по практична настава и стручни предмети во компании со кои училиштето има склучено меморандум за соработка. |
| **Програма за работа на директорот** | Директорот како раководен орган, одговорен за законитоста во работењето на училиштето, функцијата ја извршува во интеракција со учениците, наставниот и стручниот кадар, административен и технички персонал, односи со родители. Директорот како носител на педагошкото раководење во училиштето своите активности ги остварува преку:<br>проучување, анализирање, следење и унапредување на воспитно-образовниот процес; |

| | |
|---|---|
| | насочување на наставниците кон усовршување и подобрување на квалитетот на наставата;<br>надзор и оценување на квалитетот на работата;<br>административно организаторска работа;<br>педагошко-инструктивно подрачје;<br>развојно иновативни сктивности. |

| | | |
|---|---|---|
| **Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика** | | |
| **Собирање на податоци**<br>**(пр. интервјуа, прашалници, анкети, набљудувања...)** | | |
| **Методи користени за собирање на податоци** | **Учество** | **Собрани информации** |
| **Интервју со Директорот** | **Интервјуира: Фросина Тасевска**<br><br>**Интервјуира:**<br>**Директор Марина Варадиновска** | **Прашање**: Како ги спроведувате планираните активности од годишната програма? **Одговор:** Во согласност со Годишната програма, образовните профили во кои се запишани ученици, дистрибуцијата на часови и распоредот, како и согласно Законот за средно стручно образование и календарот за организација на работата, училиштето изготвува Годишна програма со планирани активности за текот на една учебна година. Во програмата се наведени сите работни задачи и активности на сите вработени. Претседателите на активите, во координација со директорот, се придржуваат кон програмата за работа. Во однос на ресурсните средства, училиштето секогаш се раководи според буџетот и потребите на училиштето.<br>**Прашање:** Како се распределуваат обврските и задолженијата на вработените? Како ова влијае на ефективноста на работата на училиштето? **Одговор:** Распределувањето на обврските и задолженијата на вработените е во согласност со систематизацијата на работните места, календарот за организација, Годишната програма на училиштето, како и тековните обврски кои произлегуваат од МОН, БРО, ЦСОО, МВР, Локалната самоуправа и стручните активи |

| | | |
|---|---|---|
| | | во училиштето. Ефикасноста на работата зависи од ангажираноста на сите чинители во воспитно-образовниот процес. Училиштето се грижи за одржување на позитивна клима и ефикасно функционирање**,** во согласност со расположливите ресурси.<br><br>**Прашање:** Како ја оценувате координацијата на работата на стручните и другите органи во училиштето?<br><br>**Одговор:** Координацијата на работата во училиштето е на високо ниво. Стручните активи редовно одржуваат состаноци и се во постојана комуникација и координација. Советот на родители и Училишниот одбор, исто така, често комуницираат со цел следење на севкупното функционирање на училиштето и создавање позитивна клима за непречено одвивање на воспитно-образовниот процес.<br><br>**Прашање:** Какво е вашето мислење за соработката со учениците и родителите?<br><br>**Одговор:** Во училиштето често се одржуваат состаноци со родителите, класните раководители, психологот и директорот. На овие средби родителите најчесто се повикуваат со цел да се добие појасна слика за учениците во текот на воспитно-образовниот процес. Исто така, родителите и учениците се запознаваат со Законот за средно образование, како и со своите права и обврски. Ова е особено значајно бидејќи често не се доволно информирани за одредбите од Законот за средно стручно образование.<br><br>**Прашање:** Ваше мислење за успешноста на воспоставување контакти со компании и негување на постоечките.<br><br>**Одговор:** Училиштето има назначено координатор кој се грижи за одржување и унапредување на соработката со компаниите. Навремено се склучуваат меморандуми и договори за соработка, со што на учениците им се овозможува изведување на часови по практична настава, УПР, феријална пракса, како и посети на компании. |

| | | |
|---|---|---|
| | | **Прашање:** Кои се вашите видувања во однос на одговорноста и работната дисциплина од сите вработени во училиштето?<br><br>**Одговор:** Преку следење, организирање и контролирање на целокупната работа, може да се заклучи дека сите вработени навремено ги извршуваат своите работни обврски и задачи, при што се почитува хиерархијата и законските прописи. Во училиштето досега не е изречена дисциплинска мерка за ниту еден вработен.<br><br>**Прашање:** Кои се вашите приоритети во однос на развојниот план/програма?<br><br>**Одговор:** Моите приоритети во однос на развојниот план се:<br>Одржување и унапредување на позитивна работна клима;<br>Промоција на училиштето и образовните профили кои се изучуваат, преку различни манифестации, работилници, интернет страници и медиуми;<br>Обезбедување на соодветни ресурси за непречено извршување на работните активности. |
| **Интервју со психолог** | **Интервјуира: Фросина Тасевска**<br><br><br><br>**Интервјуиран:**<br><br>**Психолог Елена Ивановска-Костадонова** | **Прашања:**<br>Дали раководниот тим:<br>1. Обезбедува услови за постојана соработка со родителите?<br>2. Успешно се снаоѓа во решавањето на конфликтните ситуации?<br>3. Развива доверба, ги уважува различните мислења и обезбедува добра комуникација помеѓу вработените, родителите и учениците?<br><br>**Одговори:**<br>1. Соработката со родителите е важен дел од успешното функционирање на било која организација или институција која работи со деца. Нашата институција има слух за индивидуалните потреби на родителите и децата и тие се активно вклучени во процесот на донесување на одлуки со цел постојано унапредување на условите за соработка. Раководниот тим обезбедува услови за постојана соработка со родителите, преку отворен канал за комуникација со родителите, каде што тие можат да ги споделат своите |

| | | |
|---|---|---|
| | | идеи, предлози и прашања. Притоа целосно се овозможува чувство на слобода во изразувањето на своите мислења и забелешки. Во училиштето се организираат редовни состаноци каде што родителите (родителски средби, Совет на родители, Состанок на Одборот на родители, групни советувања, индивидуални советувања) можат да добијат информации за тековните активности, проекти и промени. Исто така, има предвидено време за индивидуални средби на родителите со секој предметен наставник во однапред дадени термини за консултации, кога може да се разговара за поединечни прашања, проблеми, предизвици и потреби на учениците.<br>2. Раководниот тим успешно се справува со разрешување на конфликти, а тоа веројатно е резултат од нивната ефективна комуникација, вештини за тимска работа и способност да го решат конфликтот на конструктивен начин, преку: отворена комуникација, тимска соработка, емпатија и разбирање. Стручната служба активно се вклучува во мирното разрешување на настанатите конфликти, при што имаме континуирана соработка со Одделението за превенција при СВР Штип кои согласно превентивниот проект на општина Штип „Безбедност во училиштата“, на тема „Улога на полицијата во демократското општество“ организира и реализира едукативни работилници со ученици преку целата наставна година. Во конструктивното разрешување на конфликтите, поддршка имаме и од родителите, кои се веднаш достапни и соработливи во секоја ситуација во која учествуваат нивните деца.<br>3. Раководиниот тим со цел да инвестира во изградба на доверба меѓу вработените, треба да иницира поредовни, континуирани средби, индивидуални разговори и тимски активности, односно да овозможи безбедна средина за слободно изразување на мислења и предлози, без страв од осудување или притисоци. Раководниот тим во голема мера ги уважува различните мислења, но мислам дека потребно е поголемо стимулирање во учество на сите субјекти вклучени во животот и работата на училиштето, независно од нивната улога или статус. Со тоа, различните перспективи се гледаат како можност за учење и развој, а не како проблем. |
| **Прашалник** | **Анкетите ги** | За анализа извршена е анкета со 10 вработени. По |

| | | |
|---|---|---|
| **за вработените во училиштето за управување и раководење со училиштето** | **изработи и реализира Фросина Тасевска**<br><br>**Анкетите ги обработил Фросина Тасевска** | обработката на податоците од спроведените анкети со вработените, добиени се следниве резултати и клучни констатации кои се однесуваат на одделот управување и раководење со училиштето. На прашањето: Раководниот орган со својата работа и однесување им служи за пример на вработените во училиштето 60% се изјасниле со целосно се согласувам, 40% се изјасниле дека се согласуваат. Сите испитаници имаат позитивен став, што укажува на силна согласност и нема негативни или неутрални одговори.<br>Развива доверба, ги уважува различните мислења и обезбедува добра комуникација во контекст на оваа констатација 60% се изјасниле дека целосно се согласуваат, 30% дека се согласуваат и 10% со не знам/немам информација.<br>Успешно се снаоѓа во решавање на конфликтни ситуации имаме балансирана перцепција каде 50% одговориле со целосно се согласувам и 50% со се согласувам.<br>Го поттикнува и поддржува стручното усовршување на наставниците, овде доминира умерена согласност каде 40% целосно се согласуваат, а 60% се согласуваат.<br>Развива добра соработка со родителите, во контекст на оваа констатација 60% се изјасниле дека целосно се согласуваат, 40% дека се согласуваат, што покажува стабилност во ставовите.<br>На прашањето дали директорот бара одговорност и работна дисциплина од страна на вработените, 50% од вработените одговориле дека целосно се согласуваат и 50% од вработените одговориле дека се согласуваат.<br>Воспоставува контакт со компании од текстилниот сектор и ги негува постоечките, 60% се изјасниле со целосно се согласувам, 40% се изјасниле дека се согласуваат.<br>Подготвен е да преземе одговорност во донесувањето на одлуките, 40% се изјасниле со целосно се согласувам, 60% се изјасниле дека се согласуваат.<br>Се залага за унапредување и обезбедување квалитетна воспитно-образовна работа, 70% се изјасниле со целосно се согласувам, 30% се изјасниле дека се согласуваат што укажува на силна согласност.<br>Навремено ги проследува сите информации до вработените, на ова 70% се изјасниле со целосно се согласувам, 30% се изјасниле дека се согласуваат што исто укажува на силна согласност. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Поставува јасни, прецизни барања кои придонесуваат за ефективноста на работата во училиштето, на оваа констатација исто 70% се изјасниле со целосно се согласувам, 30% се изјасниле дека се согласуваат што укажува на силна согласност.<br>Промовира, поттикнува и организира тимска работа дури 80% од вработените се изјасниле со целосно се согласувам, а само 20% се изјасниле дека се согласуваат.<br>Резултатите од анкетата укажуваат на високо позитивна перцепција кај вработените во однос на начинот на кој е организирано управувањето со училиштето. Поголемиот дел од одговорите се во категориите „целосно се согласувам"и „се согласувам", што говори за општа поддршка кон раководниот тим и неговото делување. Посебно е нагласена довербата во личниот пример на раководниот орган, поттикнувањето на стручното усовршување и промовирањето на тимската работа (80% целосно се согласувам). Како области за унапредување се издвојуваат засилување на вклученоста на наставниците во процесите на одлучување и зголемување на транспарентноста и навременоста на комуникација.<br><br> |
| **Прашалник за вработените во училиштето за цели и креирање на училишната политика** | **Анкетите ги изработи и реализира Фросина Тасевска**<br><br>**Анкетите ги обработил Фросина** | За анализа извршена е анкета со 10 вработени. По обработката на податоците од спроведените анкети со вработените, добиени се следниве резултати и клучни констатации кои се однесуваат на одделот цели и креирање на училишна политика. На прашањето:<br>Пристапот на поучување во училиштето е соодветен на потребите, интересите и староста на учениците имаме 80% одговори со целосно се согласувам и 20% со се согласувам. Наставата се смета за соодветна на потребите, интересите и возраста на учениците.<br>Внимателно се проценуваат учениците со различни способности или афинитети водејќи сметка за тоа секој |

| | | |
|---|---|---|
| | **Тасевска** | ученик да биде соодветно поттикнат, во контекст на оваа констатација 80% се изјасниле дека целосно се согласуваат, 20% дека се согласуваат. Присутна е чувствителност кон индивидуалните разлики.<br>При оценувањето се води сметка за индивидуалното напредување на учениците, имаме балансирана перцепција, со доминантно позитивен став каде 50% одговориле со целосно се согласувам и 50% со се согласувам.<br>Училиштето дејствува во согласност со законските одредби и усвоени начела штитејќи ги учениците од насилство и злоставување, овде 90% се изјасниле дека целосно се согласуваат и 10% дека се согласуваат. Овде е јасно изразена довербата во заштитната улога на училиштето.<br>Наставниците соработуваат со стручните соработници при решавање на различни проблематични ситуации во училиштето, а по потреба консултираат и надворешни служби, во контекст на оваа констатација 60% се изјасниле дека целосно се согласуваат, 40% дека се согласуваат. Наставниците активно користат внатрешна и надворешна поддршка.<br>Со правилна распределба се обезбедува ефикасност на работата во училиштето од страна на вработените, 60% одговориле дека целосно се согласуваат, а 40% од вработените одговориле дека се согласуваат. Се перцепира ефективна организација на работата.<br>Во училиштето постојано се применуваат јасни правила на однесување, 70% се изјасниле со целосно се согласувам, а 30% се изјасниле дека се согласуваат. Ова покажува дека постои стабилна применливост на правилата.<br>Училиштето добро ги информира учениците од завршните години за можностите за продолжување на школувањето и идната профисионална кариера, 60% се изјасниле со целосно се согласувам, 30% се изјасниле дека се согласуваат и 10% не се согласувам. Поголемиот дел се задоволни, но има и изолиран критички став.<br>Новите вработени постепено се воведуваат во работата со соодветна подршка, 60% се изјасниле со целосно се согласувам, 30% се изјасниле дека се согласуваат и 10% не се согласувам. Поголемиот дел ја потврдуваат поддршката, но не сите ја чувствуваат доволно.<br>Училиштето располага со доволно финансиски |

| | | |
|---|---|---|
| | | средства за квалитетна работа, на ова 20% се изјасниле со целосно се согласувам, а дури 80% се изјасниле дека се согласуваат. Доминира перцепција на ограничена финансиска сигурност.<br>Училиштето континуирано го ревидира планот за подобрување и осовременување на инфаструктурата, во контекст на оваа констатација 30% се изјасниле дека целосно се согласуваат, 70% дека се согласуваат што значи дека е потребна континуирана модернизација.<br>Наставниците ги утврдуваат потребите за наставни средства и материјали, овде 60% се изјасниле дека целосно се согласуваат, 40% дека се согласуваат. Присутна е задоволителна обезбеденост.<br>Современоста на наставните помагала овозможува квалитетно вршење на наставата, од страна на вработените, 70% одговориле дека целосно се согласуваат, а 30% од вработените одговориле дека се согласуваат. Според ова имаме позитивна оценка за техничка опременост.<br>Мебелот и опремата ги задоволуваат воспитно-образовните потреби, 60% се изјасниле со целосно се согласувам, 40% се изјасниле дека се согласуваат што покажува дека опремата се смета за соодветна.<br>Наставниците се задоволни од условите и работата во училиштето, во контекст на оваа констатација 30% се изјасниле дека целосно се согласуваат, 70% дека се согласуваат. Значи се јавува генерално задоволство, иако со поумерена поддршка. Анкетата покажува дека вработените во голема мера имаат позитивна перцепција за целите и креирањето на училишната политика. Севкупно, резултатите укажуваат на висока согласност и задоволство, со изолирани области за подобрување, особено во доменот на финансиските ресурси и поддршката на нововработените.<br><br>Резултатите укажуваат на позитивна перцепција за наставниот процес, со јасно изразена согласност дека наставата е усогласена со потребите и интересите на учениците (80% целосно се согласувам). Препознаена е чувствителност кон индивидуалните разлики, доследна примена на правилата и активна соработка со стручни служби. Сепак, се забележуваат изолирани критички ставови во однос на поддршката на новоработените и финансиската обезбеденост на училиштето, каде доминира умерена согласност (80% се согласувам). |

| | | |
|---|---|---|
| | | Има стабилна позитивна перцепција со јасно идентификувани области за унапредување-обезбедување на поголема финансиска сигурност и поинтензивна поддршка за новиот кадар.<br><br> |
| **Прашалник за вработените во училиштето за развојно планирање** | **Анкетите ги изработи и реализира Фросина Тасевска**<br><br>**Анкетите ги обработил Фросина Тасевска** | За анализа извршена е анкета со 10 вработени. По обработката на податоците од спроведените анкети со вработените, добиени се следниве резултати и клучни констатации кои се однесуваат на одделот развојно планирање со училиштето. На прашањето:<br>Училиштето има прецизни и јасни цели кои ја отсликуваат неговата мисија и визија, имаме балансирана перцепција каде 50% одговориле со целосно се согласувам и 50% со се согласувам. Постојат јасни и прецизни цели, со балансирана перцепција кај наставниците.<br>Училиштето доследно ги спроведува планираните активности од годишната програма и врши нивна евалуација преку индикатори за успешност, во контекст на оваа констатација 40% се изјасниле дека целосно се согласуваат, 60% дека се согласуваат. Наставниците ја препознаваат доследноста во планирањето и следењето на индикаторите за успешност.<br>Обврските и задолженијата на вработените им се распределуваат врз основа на нивната стручност, знаење и способност во контекст на оваа констатација 50% се изјасниле дека целосно се согласуваат, 40% дека се согласуваат и 10% со не се согласувам. Повеќето наставници ја оценуваат распределбата како соодветна, но мал дел укажуваат на одредени слабости.<br>Обврските и задолженијата се јасни, прецизни, навремени и придонесуваат за ефективноста на работата на училиштето, овде исто 50% се изјасниле дека целосно се согласуваат, 40% дека се согласуваат и 10% со не се согласувам. Потребно е дополнително |

| | | |
|---|---|---|
| | | усовршување на комуникацијата при доделување задачи.<br>Тимовите се формираат врз основа на стручност, знаење и способности, во контекст на оваа констатација 40% се изјасниле дека целосно се согласуваат, 40% дека се согласуваат, 10% дека не се согласуваат и 10% се изјасниле со не знам/немам информација. Се формираат тимови врз стручност, но дел од наставниците немаат доволно информации или сметаат дека има простор за подобрување.<br>На прашањето дали со правилна распределба се обезбедува ефикасност на работата во училиштето од страна на вработените, 40% од вработените одговориле дека целосно се согласуваат и 60% од вработените одговориле дека се согласуваат. Препознаена е стабилна согласност за ефективност во организацијата на работата.<br>Во училиштето постои добра координација на работата на стручните и другите органи, 40% се изјасниле со целосно се согласувам, 50% се изјасниле дека се согласуваат и 10% се изјасниле со не знам/немам информација. Координацијата е оценета позитивно, иако дел од наставниците немаат доволно информации.<br>Во училиштето има соодветни материјално технички средства за успешно реализирање на наставата, 60% се изјасниле со целосно се согласувам, 40% се изјасниле дека се согласуваат. Сите испитаници имаат позитивен став, што укажува на силна согласност и нема негативни или неутрални одговори. Наставниците генерално сметаат дека условите се адекватни.<br>Училиштето континуирано ги утврдува потребите за стручно усовршување на наставниот кадар, 60% се изјасниле со целосно се согласувам, 40% се изјасниле дека се согласуваат што укажува на согласност. Се препознава систематски пристап за утврдување на потребите за професионален развој.<br>Постоечката инфраструктура ги задоволува потребите на учениците и вработените, на ова 40% се изјасниле со целосно се согласувам, 50% се изјасниле дека се согласуваат и 10% се изјасниле со не знам/немам информација. Постоечката инфраструктура ги задоволува потребите, со делумна неизвесност кај мал број наставници.<br>Анкетата покажува дека наставниците препознаваат постоење на јасни цели и систематски пристап во |

| | | |
|---|---|---|
| | | планирањето и евалуацијата на училиштето. Најголем дел сметаат дека распределбата на обврските е во согласност со стручноста и знаењето, иако мал дел укажува на можни слабости. Позитивно е оценето и користењето на материјално-технички средства, како и систематското утврдување на потребите за стручно усовршување. Одредени резерви се забележуваат во однос на формирањето тимови и распределбата на задачи, каде дел од наставниците немаат доволно информации.   |
| **Прашалник за Училишниот одбор во училиштето** | **Анкетите ги изработи и реализира Фросина Тасевска**<br><br>**Анкетите ги обработил Фросина Тасевска** | За анализа извршена е анкета со 3 вработени-членови на Училишниот одбор. По обработката на податоците од спроведените анкети со членовите на Училишен одбор, добиени се следниве резултати и клучни констатации кои се однесуваат на Подрачјето управување, раководење и креирање политика:<br>Директорот со својата работа и однесување е пример за вработените во училиштето - 66,7% се изјасниле со целосно се согласувам, а 33,3% со се согласувам. Ова укажува дека најголемиот дел од испитаниците имаат целосно позитивно мислење, додека еден дел ја препознаваат усогласеноста, но со помала цврстина.<br>Подготвен е да преземе одговорност во донесување на одлуки - 66,7% се изјасниле со целосно се согласувам, а 33,3% со се согласувам. Констатацијата е прифатена од сите испитаници, со преовладување на ставот за целосна доследност.<br>Бара одговорност и работна дисциплина од сите вработени во училиштето, Кај ова прашање, 100% од испитаниците се изјасниле дека целосно се согласуваат. Ова покажува униформеност и висок степен на задоволство кај наставниците во однос на поставеното тврдење.<br>Обезбедува услови за постојана соработка со родителите - 33,3% целосно се согласувам, 66,7% се |

| | | |
|---|---|---|
